# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>03.05.2016 год.<br>БРОЈ 8 ГОДИНА 51 |
|---|---|



## С О Д Р Ж И Н А



| Реден број | Име на odluka | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за донесување Детален урбанистички план за 6-та УЗ, дел од УБ 6.1 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 – 2019. | 3 |
| 2. | Одлука за донесување Детален урбанистички план за УЗ 1, дел од УБ 1.4 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2015 – 2020. | 4 |
| 3. | Одлука за донесување Детален урбанистички план за УЗ 12, дел од УБ 12.4 – опфат 4 Охрид, општина Охрид, плански период 2012 – 2017. | 5 |
| 4. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2016 – 2018 за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година. | 7 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година. | 18 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016 година за периодот од 01.01. - 31.03. 2016 година. | 29 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за 2016 година за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година. | 38 |
| 8. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување на јавна чистота за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година. | 40 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | 43 |
| 10. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма други комунални услуги 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | 46 |
| 11. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | 48 |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | **54** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | **59** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2016 – 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | **62** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за јавно осветлување 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | **65** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | **68** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | **74** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година. | **83** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за развој на југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој, финансискиот извештај и годишните сметки за 2015 година. | **93** |
| **20.** | Одлука за давање согласност на Одлуките за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски пазар Охрид. | **94** |
| **21.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски пазар Охрид. | **97** |
| **22.** | Јавна објава | **102** |
| **23.** | Јавна објава | **102** |
| **24.** | Јавна објава | **102** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА 6-ТА УЗ, ДЕЛ ОД УБ 6.1 – ОПФАТ 1 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 – 2019**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Детален урбанистички план за 6-та УЗ, дел од УБ 6.1 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 – 2019, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/3**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА 6-ТА УЗ, ДЕЛ ОД УБ 6.1 – ОПФАТ 1 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 – 2019**

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план за 6-та УЗ, дел од УБ 6.1 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 9,94 ха.

Просторот на планскиот опфат по Детален урбанистички план за 6-та УЗ, дел од УБ 6.1 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019 е опфат на границите:

Бул.„Туристичка“, ул.„7-ми ноември“, ул.„Богомилска“, ул.„Марко Несороски“ и ул.„Даме Груев“.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за 6-та УЗ, дел од УБ 6.1 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019, изработен од „ИН ПУМА” - Институт за урбанизам, сообраќај и екологија - Скопје, со технички број 31-2007 од јануари 2016 година, содржи:

-планиран развој - текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за 6-та УЗ, дел од УБ 6.1 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019, се заверува со печат и потпис на Претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за 6-та УЗ, дел од УБ 6.1 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/3**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 1, ДЕЛ ОД УБ 1.4 – ОПФАТ 1 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2015 – 2020

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Детален урбанистички план за УЗ 1, дел од УБ 1.4 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2015 – 2020, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/4**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 1, ДЕЛ ОД УБ 1.4 – ОПФАТ 1 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2015 – 2020

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план за УЗ 1, дел од УБ 1.4 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2015 - 2020.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 4,45 ха.

Просторот на планскиот опфат по Детален урбанистички план за УЗ 1, дел од УБ 1.4 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2015 - 2020 е опфат на границите:

започнува од крстосницата на Бул.„Туристичка“ со ул„Пирин планина“, оди на југоисток по осовина на Бул.„Туристичка“ се до пресекот со ул.„Абас Емин“, свртува на југ по ул.„Абас Емин“ се до пресекот со ул.„Гоце Делчев“, свртува на запад по ул.„Гоце Делчев“ се до пресекот со ул.„Пирин планина“, свртува на североисток по осовина на ул.„Пирин планина“ се до пресекот со Бул.„Туристичка“.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за УЗ 1, дел од УБ 1.4 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2015 - 2020, изработен од ДПУП„ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО” доо Гостивар, со технички број 01/15 од април 2016 година, содржи:

-планиран развој - текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за УЗ 1, дел од УБ 1.4 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2015 - 2020, се заверува со печат и потпис на Претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за УЗ 1, дел од УБ 1.4 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2015 - 2020, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 12, ДЕЛ ОД УБ 12.4 – ОПФАТ 4 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2012 – 2017**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Детален урбанистички план за УЗ 12, дел од УБ 12.4 – опфат 4 Охрид, општина Охрид, плански период 2012 – 2017, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 12, ДЕЛ ОД УБ 12.4 – ОПФАТ 4 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2012 – 2017**

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план за УЗ 12, дел од УБ 12.4 – опфат 4 Охрид, општина Охрид, плански период 2012 - 2017.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 0,22 ха.

Просторот на планскиот опфат по Детален урбанистички план за УЗ 12, дел од УБ 12.4 – опфат 4 Охрид, општина Охрид, плански период 2012 - 2017 е опфат на границите:

-на северозапад по осовина на пристапна улица „Пу. 1“ ул.„Партизански одреди“

-на југоисток по осовина на пристапна улица „Пу. 2“ ул.„Париска комуна“

-на југозапад по пешачка патека „Пп. 1“.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за УЗ 12, дел од УБ 12.4 – опфат 4 Охрид, општина Охрид, плански период 2012 - 2017, изработен од Друштво за проектирање и градба „Снегар Компани” ДООЕЛ Охрид, со технички број 17а/12 од февруар 2016 година, содржи:

-планиран развој - текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за УЗ 12, дел од УБ 12.4 – опфат 4 Охрид, општина Охрид, плански период 2012 - 2017, се заверува со печат и потпис на Претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за УЗ 12, дел од УБ 12.4 – опфат 4 Охрид, општина Охрид, плански период 2012 - 2017, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2016 – 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2016 – 2018 за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/6**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИН ОХРИД 2016 - 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2016 - 2018 за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/6**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Извештајот е изработен за периодот од три месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за локален економски развој и туризам, во периодот од 01.01 до 31.03.2016 год. за реализација на:

- ПРОГРАМАТА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2016 – 31.03. 2016 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2016 – 31.03.2016 год. одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**
2. **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми**
3. **Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**
5. **Развој на информативен систем**
6. **Изготвување на анализи, извештаи и информации**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процес на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2359 станоиздавачи)
- Процес на продолжување на решението за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем
- Во соработка со Македонската православна црква, организација на манифестацијата Водици 2016
- Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи во:
  - Утрехт, Холандија 12-17.01.2016 год.
  - Истанбул, Р. Турција 28-31.01.2016 год.
  - Брисел, Белгија 04-08.02.2016 год.
  - Софија, Р. Бугарија 11-13.02.2016 год.
  - Белград, Р. Србија 18-21.02.2016 год.
  - Берлин, Р. Германија 09-13.03.2016 год.
  - Москва, Русија 23-26.03.2016 год.
- Јавен повик за субвенционирање на таксата за привремен престој на физиките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем
- Промоција на туристичката понуда на општинската веб страница
- Анализа на туристички движења на странските туристи во Охрид во период од 2009-2016
- Репортажа за Охрид во грчките медиуми ТАС ТВ
- Презентација на стратегијата за развој на туризмот во Охрид за периодот од 2016-2020 год. во Поградец – Р. Албанија

**Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2016 година

**1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ**
**2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА**
**3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**
**4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2016 год. во однос на 2015 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01 – 31.03.2016 год.**

**1. Управување со туризмот**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.** | **Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид - активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор** | | | | |
| **1** | Јануари-Март 2016 | Изработка на драфт верзија на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид | Стратегијата се изработува за периодот од 2016-2020 од страна на ИМЕ програмата а во соработка со експерти од Универзитетот Сент Гален во Швајцарија | Подготвена е нацтр верзија на стратегијата и истата е доставена до институциите за нејзино ревидирање | Не се потрошени финансиски средства |
| **2** | Јануари-Март 2015 | Анализа на туристички движења на странските туристи во Охрид во период од 2009 - 2013 | Секторот за ТЛЕР во соработка со ФТУ изготви анализа на туристички движења (посетители и ноќевања) на странски туристи во Охрид за периодот од 2009 до 2016 год. врз основа на добиените податоци од Државниот Завод за Статистика | Изготвена е анализа во која се утврдува динамиката на движењето на странските туристи во Охрид која ќе послужи при изработката на Стратегијата за развој на туризмот | Нема потрошени финансиски средства |
| **1.2.** | **Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | |
| **1** | Јануари-Март 2016 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи од мал обем | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани вкупно 2359 станоиздавачи од мал обем | Не се потрошени финансиски средства |
| **2** | Јануари-Март 2016 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи од мал обем | За таа цел подготвена е документација: изготвување постапка, барање за продолжување на категоризацијата и праќање | Во овај квартален период 23 продолжени решенија за категоризација | Не се потрошени финансиски средства |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | известување на станоиздавачите на кои им поминал рокот на решението од 3 години. | | |
| **1.3. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| **1** | Јануари - Март 2016 | Субвенционирање на Туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | Објавен јавен повик во месец Јануари за субвенционирање на второто шестмесечие од 2015 год. | Финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат таксата за привремен престој што би допринело до подобра евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид. Доставени се 46 Барања за субвенционирае на ТПП | Вкупната сума за исплата по оваа ставка е 418.885,00 ден. (199.400,00 ден се исплатени во месец март остатокот од 219.485,00 ден ќе бидат исплатени во месец Април. |

## 2. Промоција на Охрид како туристичка дестинација

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | | |
| **1** | Февруари 2016 | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски електронски и печатени медиуми | Промоција на Охрид на интернет порталот TELEGRAF TRAVEL | Промоција на туристичката понуда на град Охрид и регионот пред претставници на странски печатени и електронски медиуми | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.2. Организација на промо-тура „Охрид 2016“** | | | | | |
| 1 | Јануари – Март 2016 | Соработка со странски туроператори и туристички агенции | Подготвителни активности за промо тура 2016. Остварени официјални контакти со Амбасади на Република Македонија во странство. | Доставени се информации од Амбасадите за најпознати туристички оператори и медиуми за Промоција на туризмот кои изразија подготвеност да бидат дел од Промо Турата. Со оглед на тоа дека во Мај 2016 во Охрид ќе се одржи Конференција на АТТА на која ќе присуствуваат над 300 туроператори од целиот свет, Промо Турата ќе биде одржана во месец Септември 2016 | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.3. Меѓународна промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1** | Јануари-Март 2016 | Меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи. | Промоција на туристичката понуда на град Охрид на меѓународните туристички саеми во Утрехт, Истанбул, Брисел, Софија, Белград, Берлин, Москва. | Не се потрошени финансиски средства. Промотивните материјали се |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | испечатени согласно тендерската постапка од 2014г. |
| **2** | Јануари 2016 | Промоција на Охрид и манифестацијата “Богојавлјение Водици 2016“ во печатени и електронски медиуми. | Репортажа за Охрид на регионалната телевизија ТАС ТВ од Воден, Грција | Објавен 15 мин видео запис за одбележувањето на празникот Водици 2016 | Нема потрошени финансиски средства |
| **2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи** | | | | | |
| **1** | Јануари 2016 | Организација на манифестација “Богојавление Водици 2016” | За прв пат општина Охрид во заедничка соработка со МПЦ ја организира манифестацијата Водици 2016 која традиционално се одржува на 19 и 20 Јануари. Беа поканети и присуствуваа видни личности и делегации од повеќе странски земји, како и голем број на гости од државата и странство. | Успешна реализација на манифестацијата во делот за кој општина Охрид имаше надлежност и ингеренции. Преку ваквите манифестации и празници се настојува да се привлечат посетители и туристи со што Охрид би станал туристичка дестинација и во зима. | Нема потрошени финансиски средства |
| **2.6. Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид** | | | | | |
| **1** | Јануари-Март 2016 | Печатење на промотивни материјали по разни сегменти како Фотобошура, Водич на град Охрид, Брошура за активен туризам, Ќеси, Постери, Флаери итн | Објавен јавен повик за доставување на понуди за печатење на промотивен материјал за град Охрид која трае до 19 Април 2016 год. | Објавен јавен повик кој е во тек | Нема потрошени финансиски средства |

**3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Туристички информативни центри** | | | | | |
| 1 | Февруари – Март 2016 | Поставување на туристички информативен центар | Во рамки на проектот WATERNET предвидено е изработка и поставување на модерен туристички информативен центар во строгиот центар на Охрид со цел давање на информации на туристите и посредување при сместување на гости. | Тендската процедура е во тек | Нема потрошени финансиски средства |
| **3.2. Обележување (сигнализација) на туристичките места** | | | | | |
| 1 | Февруари – Март 2016 | Поставување на градски мапи | Во рамки на проектот „Имплементација на проект за Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција“ предвидено е поставување на две градски мапи на две различни локации во градот. | Тендската процедура е во тек | Нема потрошени финансиски средства. За оваа набавка предвидени во буџетот на проектот се 102.000,00 денари |
| **3.3. Поставување на јавни тоалети** | | | | | |
| 1 | Јануари-Март 2016 | Поставување на два јавни тоалети во Охрид | Во рамки на програмата за 2016 на ЈЗПР за Општина Охрид се предвидени набавка и поставување на два јавни тоалети. Локациите ќе бидат одредени согласно програмата за поставување на урбана опрема. | Подготовка на техничката спецификација од страна на ЈЗПР е во тек. Се очекува распишување на тендер. | Нема потрошени финансиски средства |
| **3.4. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем** | | | | | |
| 1 | Јануари-Март 2016 | Ажурирање и дополнување на потадоци на чинителите на угостителско-туристичките субјекти за промотивни цели | Бесплатно рекламирање на сите угостителско- туристичките субјекти од Охрид на веб страната www.ipult.info | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион | Нема потрошени финансиски средства |
| 2 | Јануари-Март 2016 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи | Нема потрошени финансиски средства |
| 3 | Јануари-Март 2016 | Пополнување на база на податоци на вршители | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции | Нема потрошени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | и изнаоѓање на диви туристички водичи и туристички агенции | финансиски средства |
| **4** | Јануари-Март 2016 | Евиденција регистрација и контрола на податоци од општинскиот инспекторат | Редовно ажурирање на податоци за наплата на туристичка такса за привремен престој, како и податоци за ноќевања на домашни и странски посетители | Во соработка со општинскиот инспекторат Контрола на наплата на ТПП и воведени контроли за нелегални станоиздавачи и туристички водичи | Нема потрошени финансиски средства |
| **3.5. Финансирање на локални микропроекти со цел потикнување на развојот на туризмот** | | | | | |
| **1** | Март 2016 | Подготовка на јавен повик за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници. | Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на локалниот економски развој и развојот на туризмот согласно Стратегијата за одржлив локален економски развој на Општина Охрид и Подстратегијата за рурален развој на Општина Охрид, со што ќе се поттикне локалниот економски развој, руралниот развој и туризмот како организирана дејност на заедницата, при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. | Во месец Април ќе се објавува Јавниот повик за финансирање на микропроекти од областа на одржлиот локален економски развој и туризмот | Не се потрошени финансиски средства |

**II. Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2016 до 31.03.2016** година е следна :

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец март)**

| Ред.Бр. | ВКУПНО Месец | Хотели | Приватни станоиздавачи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Јануари** | 211804 | 107808 | 319612 |
| 2 | **Февруари** | 195216 | 63200 | 258416 |
| 3 | **Март** | 200824 | 77808 | 278632 |
| 4 | **Април** | | | |
| 5 | **Мај** | | | |
| 6 | **Јуни** | | | |
| 7 | **Јули** | | | |
| 8 | **Август** | | | |
| 9 | **Септември** | | | |
| 10 | **Октомври** | | | |
| 11 | **Ноември** | | | |
| 12 | **Декември** | | | |
| | **ВКУПНО 80%** | 607844 | 248816 | 856660 |

**Во периодот од 01.01.2016 до 31.03.2016 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 856.660,00 денари.**

**Споредба Јануари - Март**

**За споредба, во 2015 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 803.624,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2016 година е зголемена за 7 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2015 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2015 год. во однос на 2014 год.)**

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б | Месец | Дом. | Однос | Стр. | Однос% | Вкупно | Однос |

| | | Ноќевања | | % | Ноќевања | | | Ноќевања | | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2015 | 2016 | 2016/15 | 2015 | 2016 | 2016/15 | 2015 | 2016 | 2016/15 |
| 1 | јануари | 1780 | 2270 | 127,5 | 3671 | 4581 | 124,8 | 5451 | 6851 | 125,7 |
| 2 | февруари | 2377 | 2875 | 121,0 | 3195 | 3589 | 112,3 | 5572 | 6464 | 116,0 |
| 3 | март | | | | | | | | | |
| 4 | април | | | | | | | | | |
| 5 | мај | | | | | | | | | |
| 6 | јуни | | | | | | | | | |
| 7 | јули | | | | | | | | | |
| 8 | август | | | | | | | | | |
| 9 | септември | | | | | | | | | |
| 10 | октомври | | | | | | | | | |
| 11 | ноември | | | | | | | | | |
| 12 | декември | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | 4157 | 5145 | 123,8 | 6866 | 8170 | 119,0 | 11023 | 13315 | 120,8 |

**Согласно информацијата изготвена од Општинскиот инспекторат, бројот на ноќевањата од основни објекти во 2016 година (Јануари - Февруари ) во однос на 2015 година (Јануари - Февруари), е зголемен за 20,8 % и тоа : кај домашните ноќевања има зголемување за 23,8% , а кај странските има зголемување за 19 %.**

**Број 08-6377/6-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**Прв квартален извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.01.2016 – 31.03.2016 година.**

Во текот на првиот квартал од 2016 година одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2016 година.
Општина Охрид оваа Програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој.

Активностите за реализација на Годишната Програма за 2016 се реализираат во следните Подпрограми или области на делување:

1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата.
2. Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.
3. Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси.
4. Подготовка на проекти и проектно управување.
5. Други оперативни расходи и договорни услуги.

**Посебен акцент во периодот на првиот квартал од 2016 година во работењето на одделението за локален економски развој беше даден на следните активности:**

- Подготовка на јавен повик за прибирање на проектни апликации од страна на урбани и месни заедници, како и од невладини организации ќе бидат евалуирани според однапред утврдени критериуми.
- Имплементација на проект за Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција.
- Проект WATER.NET во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција.

- Проект „LAKtive Tourism” во соработка со конзоциум на градови со езера.
- Проект SUPPORT CROSS BORDER UNTERPRENEURSHIP / TRANSNATIONAL BUSINESS CONSULTANT SCBE / TBC во соработка со НГО Центар за климатски промени и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција
- Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на Општина Охрид преку одржување на веб портал на страницата на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk.
- Изготвување на проектни предлози кои ќе бидат аплицирани на тековните повици за прибирање на проектни апликации во рамки на програмите Balkan MED и IPA-INTEREG CBC Greece-Macedonia
- Проект „Опремување на кабинет по биологија” ОУ Григор Прличев финансиран од Амбасада на СР Германија во Република Македонија.

Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.03.2016 – 31.03.2016 год.**

**1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на Заедницата.**

1.1. Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на општина Охрид
1.2. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018 година

**2. Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.**

2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото
2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд
2.3. Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид
2.4. Меѓународни партнерства
2.5. Денови на дијаспората
2.6. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет- “ Совет на градски татковци “

**3. Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси**

3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија.
3.2. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој
3.3. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна
3.4. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците

**4. Подготовка на проекти и проектно управување**

4.1. Подготовка на проекти и проектно управување
4.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

4.3.Средства од аплицирани и одобрени проекти

**5. Други оперативни расходи и договорни услуги.**
5.1. Договорни обврски
5.2. Други оперативни расходи

**1.Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Февруари 2016 година | Подготовка на јавен повик за прибирање на проектни апликации од страна на урбани и месни заедници, како и од невладини организации ќе бидат евалуирани според однапред утврдени критериуми. | Изготвен е јавниот повик за финансирање на локални микропроекти на кој може да аплицираат урбани, месни заедници и невладини организации. Целта на оваа проектна активност е финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на локалниот економски развој. | Подготвена е комплетната документација за јавниот повик кој ќе биде објавен на почетокот на април 2016 година. | Не се потрошени финансиски средства. |
| **1.2 Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018 година** | | | | | |
| **1.** | Март 2016 година | Поднесен проект до Бирото за регионален развој по однос на повикот за развој на селата. | Предлог проектот е за неопходна санација на дренажниот систем и тоалетите во ОУ Кочо Рацин во село Долно Лакочереј. Главните активости на овој поднесен проект се поставување на соодветен дренажен систем, целосно реконструирање на тоалетите и поставување на врати во училници и кабинети во ОУ „Кочо Рацин“ во село Долно Лакочереј. | Поднесена проектна апликација до Бирото за регионален развој во предвидениот рок.<br>Вкупниот буџет изнесува 596 954 ден. / 9725 еур.<br><br>Барани средства од БРР - 298 477 ден<br>Сопствено учество – 298 477 денн | Не се потрошени буџетски средства. |

**2. Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатијата**

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Март 2016 | Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на општина Охрид преку одржување на веб портал на страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk. | Преку посебен линк на веб порталот на општина Охрид, се поставуваат сите тековни огласи за вработување на територијата на општина Охрид, со што се овозможува полесен пристап на сите заинтересирани невработени лица до информации за слободни места за вработување. | Податоците се ажурираат еднаш неделно со нови огласи кои се тековно активни | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2.** | Јануари – Март 2016 | Општина Охрид преку Секторот за ТЛЕР спроведе анализа за побаруваните занимања во поглед на различните образовни профили и степенот на образование. | Во насока на успешна реализација на програмската активност за организирање на серија стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување Секторот за ТЛЕР спроведе анализа за побаруваните занимања во поглед на различните образовни профили и степенот на образование. | Анкетниот прашалник за потреба од преквалификација и докфалификација на работна сила беше испратен на 30 фирми. На анкетниот прашалник одговориле 7 фирми. Според одговорите на анкетниот прашалник 4 фирми имаат потреба од нови вработувања, а само 1 фирма има потреба од прекфалификација и докфалификација на постоечкиот кадар (работник на полир машина, работник на CNC глодалка, работник на CNC струг).<br>Соодветна институцији за спроведување на планираните | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | обуки е Општинската јавна установа Кузман Шапкарев. | |

**2.4. Меѓународни партнерства**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари – Март 2016 | Имплементација на проект за Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција. | Носител на проектот е општина Охрид во соработка и партнерство со општина Каен, Долна Нормандија и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.<br>Со изработка на планот за интегрирана заштита на Старото градско јадро се овозможи мапирање и утврдување на валоризирани и ревалоризирани објекти на недвижно културно наследство, мапирање и утврдување на состојбата на одделни делови или градби во состав на споменична целина, развој на локални планови за планирање на урбаниот развој, промовирање на потенцијалот за развој на културниот туризам, како и зголемување на значењето на јавната свест за културното наследство на Охрид. | Изработена е Студија за интегрирана заштита на Старото градско јадро (предлог план) и Маркетинг стратегија за достигнување одржливост на старо градско јадро на Охрид.<br>Во тек е тендер за изработка на промотивен материјал и организација на завршен настан на кој ќе се промовираат резултатите од проектот. | Исплатени се 273.625,00 денари. |
| **2.** | Јануари – Март 2016 | Проект WATER.NET во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција. | Носител на проектот од Македонска страна е општина Охрид во партнерство со Факултетот за туризам и угостителство од Охрид и има за цел изведба на пешачка патека од 200 метри во рамки на постоечката патека која започнува после мостот од „Биљанини Извори“, изградба на модерен туристичко информативен центар и други промотивни активности, а во делот на ФТУ Охрид е планирана изведба на | Проектот е во фаза на имплементација, отпочнати се тендерски постапки за реализација на проектните активности согласно ПРАГ регулатива. | Вкупниот износ на одобрени средства за реализација на овој проект е 210.000 еур.<br>Досегашната реализација на средства изнесува 162.448 денари заклучно со 31.03.2016 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ботаничка градина во рамки на факултетот. | | |
| **3.** | Јануари-Март 2016 | Проект SCBE/TBC Support cross border entrepreneurship / transnational business - consultant во соработка со НВО Центар за климатски промени од Охрид и во партнерство со Hellenik Menagement Association, Greek Association of IT и Technopolis International Institute for Education од Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција. | Носител на проектот од Македонска страна е општина Охрид во партнерство со НВО Центар за климатски проемени од Скопје и има за цел имплементација на активност за зајакнување на претприемништвото во охридскио регион и формирање на нови бизниси преку подготовка на СВОТ и ПЕСТ анализи за бизнис клима на Југозападен регион, одржување на обуки за претприемништво за невработени лица на обуки за претприемашство на вработени лица во Југозападен регион. | Проектот е во фаза на буџетско чистење со ДЕУ, Скопје и се очекува во наредниот период да се потпише грант договорот. Вупниот износ на одобрени средства во оваа фаза на чистење на буџетот за реализација на овој проект изнесува 184.958,00 евра. | Не се потрошени буџетски средства. |
| **4.** | Јануари – Март 2016 | Проект LAKtive Tourism, одобрен од програмата COSME на Европската Комисија. | Проект LAKtive Tourism е аплициран во партнерство на конзорциумот од организации од 5 европски држави (Италија, Словенија, Шпанија, Ирска и Македонија) од Мрежата на градови со Езера. Проектот предвидува активности со цел зголемување на бројот на повозрасни туристи во ниска сезона во градовите учесници во проектот. Проектот ќе трае 15 месеци а официјалниот стар е во Март 2016. | Имплементацијата на проектот е во почетна фаза, потпишан е договорот од страна на Европска Комисија. Активностите ќе започнат во Април 2016. | Вкупниот износ на одобрениот грант е 233.000 Еур а за Општина Охрид одобрени се 43.000 Еур. До овој момент не се потрошени |
| **5.** | Јануари – Март 2016 | Европска соработка, европска мрежа на партнерства- Network EU Lakes – Подготовка на | Заедничко аплицирање на нов европски партнерски предлог проект од Програмата на Европската Унија **Erasmus** + Collaborative partnerships; | Предлог проектот е подготвен и аплициран навремено во координација со европските партнери од Европската мрежа | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Предлог проект | (спортови на вода). Проектот опфаќа партнери од Европската мрежа на езера од Италија, Охрид- Македонија, Блед-Словенија, Шпанија и Финска. Подготовка на предлог проектни активности за Охрид во соработка со Федерацијата на РМ за едриличарство и Клубот од Охрид за спортови на вода. | на Езера и Општина Исео од Италија. | одделението. |
| **6.** | Јануари – Март 2016 | Проект “Опремување на кабинет по биологија” финансиран од Амбасадата на СР Германија во Република Македонија | Проектот предвидува комплетно опремување на кабинет по биологија во рамки на ОУ „Григор Прличев“. Опремата ќе биде финансирана од страна на Амбасадата на СР Германија во Република Македонија, додека реконструкцијата на кабинетот ќе биде финансирана од страна на општина Охрид. | Склучен е договор бр.09-461571 од 24.03.2016 год. помеѓу Германска Амбасада во Скопје, општина Охрид и ОУ Григор Прличев Охрид. Активностите ќе бидат реализирани во месеците април и мај. Вкупна вредност на проектоте 396.160 денари или 6.457 евра. Општина Охрид партицишира во делот на санација на училницата со средства во износ од 70.000 денари, аопремувањето на кабинетот со LCD Projector ќе биде финансирано одстрана на ОУ „Григор Прличев“ во вкупна вредност од 32.000 денари Кабинетот по биологија ќе се опреми со средства од Амбасадата на СР Германија во Р. Македонија кои согласно договорот изнесуваат 294.160 денари или 4.794 евра. | Не се потрошени финансиски средства. |
| **7.** | Февруари 2016 | Посета на делегација на општина Охрид на градот Висмар во С.Р. Германија | По покана на организаторот Христијанско граѓанската Унија од Висмар и градор Висмар, Сојузна | Потпишан Договор за соработка со компанијата НОВАСОЛ од областа на | 31.000,00 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Република Германија делегацијата беше учесник на работен семинар за развој на регионалниот туристички потенцијал во регионот на Охридското езеро. Воедно делегацијата организираше изложба и свечен прием во градската управа на градот Висмар и потпишување на договори за соработка. | туристички инвестиции во однос на соработка за Принципи на развој на туристичка понуда во индивидуални викенд куќи и населби – НОВАСОЛ. | |

**3.Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.4.Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците** | | | | | |
| 1. | Јануари – Март 2016 | Попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Редовна процедура на вршење на попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Тековно вршење на попис и проценка на земјиште, насади и посеви.<br><br>Изготвени се 8 записници. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| 2. | Јануари – Март 2016 | Легализација на времени земјоделски објекти. | Редовна процедура на легализирање на земјоделски објекти. | Изготвени и завршени се 25 записници, во постапка се и одреден број на записници | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| 3. | Јануари – Март 2016 | Проценки на штети од елементарни непогоди на објекти, насади и посеви како и изготвување на информации од обласа на земјоделството. | Процес за проценка и обесштетување од елементарни непогоди. | Изготвени се 3 записници за направени штети а останатите премети се во работа Спроведени и исплатени се 1 штети од елементарни непогоди и една е во процес на проценка. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| 4. | Јануари – Март 2016 | Изготвување на извештаи од обласа на земјоделството | Изготвување на информации за состојбата на земјоделско државно земјиште . | Изготвени се 2 извештаи за искористеност на површините со кои општиан Охрид располага како земјоделско земјиште а се во сопственост на Р.М. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението |

4. **Подготовка на проекти и проектно управување**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | | |
| 1. | Јануари – Март 2016 | Проект за „Реконструкција на централната градинка Јасна Ристеска во енергетски ефикасен објект“ | Во програмата на ЈЗПР за 2016 година е предвиден проект за Реконструкција на централната градинка Јасна Ристеска во енергетски ефикасен објект | Подготовката на тендерската документација е во тек од страна на ЈЗПР | Не се потрошени буџетски средства. Буџетот на проектот е 50.000 еур. |

**Број 08-6377/7-1**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03. 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016 година за периодот од 01.01. - 31.03. 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година

**Број 09-6377/8**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03. 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016 година за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/8**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

**И З В Е Ш Т А Ј ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗАИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИНА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ОД 01.01.2016 ДО 31.03.2016 година**

**Охрид, 08.04.2016**

**Во тек на првиот квартал од 2016** година се работеше на изработка плановите предвидени со програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016. Дел од нив се комплетно завршени, усвоени од Советот на општина Охрид и ставени во употреба, дел се во фаза на изработка, а дел сеуште не се отпочнати со работа

## А. Планови донесени од страна на советот на општина Охрид и планови

## со добиена согласност од страна на МТВ Скопје

**1. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 2** - донесен на од страна на Советот

**2. ДУП заУЗ 8УБ 8.1 за гп 1 на дел од кп 11843 КО Охрид 2** – добиена согласност

**3. ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 -** Опфат 1(Крстџамија) –добиена согласност од МТВ Скопје

**4. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 4** – добиена согласност одМТВ Скопје

## Б. Планови во постапка на изработка и донесување

### I. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Детален Урбанистички План за УЗ 1** | |
| | **1.1. Урбан блок 1.1** | |
| | 1.1.1.ДУП за УЗ 1 дел од УБ 1.1 - Опфат Табана<br>• Поради стапување во сила на катастарот на недвижности потребно е повторно ажурирање на планскиот опфат, а воедно со влегување во сила на Законот за прогласување на старо градско јадро на Охрид за културно наследство, планот е во фаза на повторна преработка<br>----------------------------------------------------------------------------<br>1.1.2.ДУП во УЗ 1 дел одУБ 1.1 – Урбан комплек 13 – Св. Богородица Перивлепта<br>• Прифатена иницијатива –постапка по е-урбанизам | Општина<br>--------------------------<br>Прив.иницијатива |
| | 1.2 Урбан блок 1.2 | нема активност |
| | 1.3.Урбан блок 1.3 | нема активност |
| | **1.4. Урбан блок 1.4** | |
| | 1.4.1. ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.4 – опфат 1<br>• План доставен на согласност во МТВ Скопје | Прив. иницијатива |
| 2 | **Детален Урбанистички план за УЗ 2** | |
| | **2.1. Урбан блок 2.1** | |
| | 2.2.1. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.1 - Опфат Кеј<br>• Поради стапување во сила на катастарот на недвижности потребно е повторно ажурирање на планскиот опфат, а воедно со влегување во сила на Законот за прогласување на старо градско јадро на Охрид за културно наследство, планот е во фаза на повторна преработка | Општина |
| | **2.2 Урбан блок 2. 2** | |
| | 2.2.2. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2<br>• Планерот постапува по забелешки од комисија по Нацрт план | Прив. иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| | **2.3 Урбан блок 2.3** | |
| | 2.3.1. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5<br>• Изработувачот треба да достави Нацрт план<br>2.3.2. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6<br>• Нацрт план спремен за на Совет<br>---------------------------------------------------------------------------<br>2.3.3.ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.3 – опфат 7<br>• Прифатена иницијатива, постапка по е-урбаниз | Прив.Иницијатива<br>Прив.Иницијатива<br>-------------------------<br>Прив. иницијатива |
| | **2.4 Урбан блок 2.4** | |
| | 2.4.1. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1<br>• Пратен на согласност во МТВ Скопје | Прив. иницијатива |
| | 2.5 Урбан блок 2.5 | нема активност |
| | 2.6 Урбан блок 2.6 | нема активност |
| **3** | **Детален Урбанистички план за УЗ 3** | |
| | 3.1. Урбан Блок 3.1 | Општина |
| | **3.2. Урбан Блок 3.2** | |
| | 3.2.1. ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2<br>• Планерот постапува по забелешките на комисија по Нацрт план<br>---------------------------------------------------------------------------<br>3.2.2 ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектирани ул.,<br>• Пртифатена иницијатива постапка на е-урбанизам | Прив. Иницијатива<br>-------------------------<br>Прив. иницијатива |
| | 3.3. Урбан Блок 3.3 | нема активност |
| | 3.4. Урбан Блок 3.4 | нема активност |
| **4** | **Детален Урбанистички план за УЗ 4** | |
| | 4.1. Урбан Блок 4.1 | нема активност |
| | 4.2. Урбан Блок 4.2 | нема активност |
| | **4.3. Урбан Блок 4.3**<br>• Одобрена планска програма | Општина |
| | 4.4. **Урбан Блок 4.4**<br>• Планот се комплетира со мислења од институции | Општина |
| | **4.5. Урбан Блок 4.5**<br>• одобрена иницијатива,постапка по е-урбанизам | Прив. иницијатива |
| | **4.6. Урбан Блок 4.6**<br>• одобрена иницијатива,постапка по е-урбанизам | Прив. иницијатива |
| | **4.7. Урбан Блок 4.7** | |
| | 4.7.1. ДУП за УЗ 4 дел од УБ 4.7 - опфат 2<br>• приоритетен план спремен за на јавна анкета и презентација,од 30.03.2016 до 12.04.2016 | Општина |

| | | |
|---|---|---|
| **5** | **Детален Урбанистички план за УЗ 5** | |
| | 5.1. Урбан Блок 5.1 | нема активност |
| | **5.2. Урбан Блок 5.2**<br>• отпочната постапка за изработка на план | општина |
| | **5.3. Урбан Блок 5.3**<br>• планот е доставен до изработувачот за постапување по забелешки | општина |
| | **5.4. Урбан Блок 5.4**<br>• постапка по е-урбанизам | општина |
| **6** | **Детален Урбанистички план за УЗ 6** | |
| | **6.1. Урбан Блок 6.1** | |
| | 6.1.1. ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2<br>• Нацрт план кај изработувачот на корекции по стручно мислење | општина |
| | **6.2. Урбан Блок 6.2** | |
| | 6.2.1. Измени и дополнувања на дел 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2<br>• Изработувачот треба да достави Нацрт план | Прив. иницијатива |
| **7** | **Детален Урбанистички план за УЗ 7** | |
| | 7.1. Урбан Блок 7.1 | нема активност |
| | 7.2. Урбан блок 7.2 | нема активност |
| **8** | **Детален Урбанистички план за УЗ 8** | |
| | 8.1 Урбан Блок 8.1 | нема активност |
| | 8.2 Урбан Блок 8.2 | нема активност |
| | **8.3 Урбан Блок 8.3** | |
| | • Постапка по е-урбанизам со одобрена планска програма | Општина |
| **9** | **Детален Урбанистички план за УЗ 9** | |
| | **9.1 Урбан блок 9.1** | |
| | 9.1.1. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1<br>• Изработен Нацрт план<br>------------------------------------------------------------------------------<br>9.1.2. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 – опфат 3<br>• Прифатена иницијатива, постапка по е-урбаниз | Прив. Иницијатива<br>--------------------------<br>Прив. иницијатива |
| | 9.2 Урбан блок 9.2 | нема активност |

| | | |
|---|---|---|
| | **9.3 Урбан блок 9.3**<br>• Во тек е отпочнување на постапка за урбанизац. | Прив. иницијатива |
| | 9.4 Урбан блок 9.4 | нема активност |
| **10** | **Детален урбанистички план за УЗ 10** | |
| | **10.1. Урбан блок 10.1** | |
| | 10.1.1. ДУП за УЗ 10 дел одУБ 10.1 опфат 1<br>-----------------------------------------------------------------------<br>10.1.1. ДУП за УЗ 10 дел одУБ 10.1 опфат 2 | Приватана<br>---------------------------<br>Општина |
| | **10.2. Урбан блок 10.2** | |
| | 10.2.1. ДУП воУЗ 10дел од УБ 10.2 опфат 1<br>• Прифатена иницијатива – постапка на е-урбанизам<br>-----------------------------------------------------------------------------<br>10.2.2. ДУП воУЗ 10дел од УБ 10.2 опфат 2<br>• Прифатена иницијатива – постапка на е-урбанизам | Прив. Иницијатива<br>---------------------------<br>Прив. иницијатива |
| | 10.3. Урбан блок 10.3 | нема активност |
| | **10.4. Урбан блок 10.4** | |
| | 10.4.1. ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11, УБ 10.4 и 11.1, ВлашкаМаала иГрадинар<br>• Прифатена иницијатива – постапка на е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **11** | **Детален урбанистички план за УЗ 11** | |
| | 11.1 Урбан Блок 11.1 | нема активност |
| | **11.2 Урбан Блок 11.2** | |
| | 11.2.1. ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1<br>• Доставен на Совет како Нацрт план | Прив.иницијатива |
| | 11.3 Урбан Блок 11.3 | нема активност |
| | 11.4 Урбан Блок 11.4 | нема активност |
| | 11.5 Урбан Блок 11.5 | нема активност |
| **12** | **Детален Урбанистички план за УЗ 12** | |
| | **12.1 Урбан Блок 12.1**<br>12.1.1 ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1<br>• Прифатена иницијатива – постапка на е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| | **12.2 Урбан Блок 12.2** | |
| | 12.2.1 ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.2 - опфат 2<br>• доставено мислење по Планска програма, се чека одговор од изработувач | Прив.иницијатива |
| | **12.3 Урбан Блок 12.3** | |
| | 12.3.1. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.3 - опфат 2<br>• Прифатена иницијатива – постапка на е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| | **12.4 Урбан Блок 12.4** | |

| | | |
|---|---|---|
| | 12.4.1. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2<br>• План вратен со неиздавање на согласност се корегира по забелешките<br>----------------------------------------------------------------------<br>12.4.2. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3<br>• Изработен предлог план за на согласност | Прив.иницијатива<br>------------------------<br>општина |
| **13** | **Детален Урбанистички план за УЗ 13** | |
| | **13.2 Урбан блок 13.2** | |
| | 13.2.1 ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.2 - опфат 2<br>• Одобрена иницијатива, постапка по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| | **13.3 Урбан блок 13.3** | |
| | 13.3.1 ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1<br>• доставено мислење по Планска програма, се чека одговор од изработува | Прив.иницијатива |
| | 13.3 Урбан блок 13.4 | нема активност |
| **14** | **Детален урбанистички план за УЗ 14** | |
| | 14.1 Урбан блок 14.1 | нема активност |
| | **14.2 Урбан блок 14.2** | |
| | 14.1.1. ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1<br>• Постапка на е-урбанизам со одобрена планска програма | општина |
| | 14.3 Урбан блок 14.3 | нема активност |
| | 14.4 Урбан блок 14.4 | нема активност |
| **15** | **Детален урбанистички план за УЗ 15** | |
| | **15.1 Урбан блок 15.1** | |
| | 15.1.1. Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15<br>(15-ти Корпус делод УБ 15.1 плански опфат 1<br>• предлог план вратен за постапување по забелешки | Општина |
| | 15.2 Урбан блок 15.2 | нема активност |
| | 15.3 Урбан блок 15.3 | нема активност |
| | **15.4 Урбан блок 15.4** | |
| | 15.4.1. ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1<br>• се постпува по забелешки од АКН и од комисија | Општина |
| | **15.5 Урбан блок 15.5** | |
| | 15.5.1. ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1<br>• Нацртплан доставен на комисија за мислење | Прив.иницијатива |
| | **15.6 Урбан блок 15.6**<br>• одобрена иницијатива -постапка по е-урбанизам | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| | **15.7 Урбан блок 15.7**<br>• одобрена иницијатива -постапка по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **16** | **Детален Урбанистички план за УЗ 16** | |
| | **16.1 Урбан блок 16.1**<br>• одобрена иницијатива -постапка по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| | **16.2 Урбан блок 16.2** | |
| | 16.2.1. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2 – опфат 2<br>• одобрена иницијатива -постапка по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| | **16.3 Урбан блок 16.3** | |
| | 16.3.1. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2<br>• планот се спрема за на согласност,треба да се достави мислење од ЈП за државни патишта<br>-----------------------------------------------------------------------------<br>16.3.2. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4<br>• пратен во АКН Скопје за добивање на позитивно мислење | Прив.иницијатива<br>-------------------------<br>општина |
| **17** | **Детален урбанистички план за УЗ 17** | |
| | 17.1 Урбан блок 17.1 – Студенчишко блато | нема активност |
| | 17.3 Урбан блок 17.3 | нема активност |
| | 17.4 Урбан блок 17.4 | нема активност |
| **18** | **Детален урбанистички план за УЗ 18** | |
| | 18.1 Урбан блок 18.1 | нема активност |
| | 18.2 Урбан блок 18.2 | нема активност |

**II. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | УПВНМ за комплекс Андон Дуков<br>• отпочната постапка по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **2** | УПВНМ за комплекс Даљан | |
| **3** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **4** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **5** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 3<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **6** | УПВНМ Горица Север | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| | • одобрена планска програма | |
| **7** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | Општина |
| **8** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 2<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **9** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 4<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **10** | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина Охрид<br>• отпочната постапка по е-урбанизам | Влада на РМ |
| **11** | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4<br>• отпочната постапка по е-урбанизам | Влада на РМ |
| **12** | УПВНМ Долно Коњско | |
| **13** | УПВНМ Чекоштина | Општина |
| **14** | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани | |
| | 14.1. УПВНМ за дел од потег Лагадин –Пештани<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **15** | УПВНМ стопанска зона Вапила<br>• треба да се корегираат недостатоци во геодетскиот елаборат | Општина |
| **16** | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо<br>• потребна е пренамена на земјиште,за да може да се докомплетира планот | Прив.иницијатива |
| **17** | УПВНМ Горица Исток | |
| | | |

## III. ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ИЛИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Орман | |
| **2** | Рамне | |
| **3** | УП за село Велестово | Општина |
| **4** | Шипокно | |
| **5** | Завој | |
| **6** | Куратица | |
| **7** | Ливоишта | |
| **8** | Опеница | |
| **9** | Плаќе | |

| | | |
|---|---|---|
| **10** | Расино | |
| **11** | Речица | |
| **12** | Свињишта | |
| **13** | Сирула | |
| **14** | Скребатно | |
| **15** | Лагадин | |
| **16** | УП за село Пештани<br>• се спрема за на Согласност во МТВ Скопје | Општина |
| **17** | Долно Лакочереј | |
| **18** | Горно Лакочереј | |
| **19** | Општ акт за село Елшани<br>• доставени податоци за отпочнување на изработка | Прив.иницијатива |
| **20** | Општ акт за село Долно Коњско<br>• се прибираат податоци и се продолжува со изработка на општиот акт од страна на изработувачот | Прив.иницијатива |
| **21** | Коњско | |
| **22** | Трпејца | |
| **23** | Општ акт за село Љубаништа<br>• доставен на комисија за изработка на мислење по доставениот општ акт | Прив.иницијатива |
| **24** | Подмоље | |
| **25** | Општ акт за село Велгошти<br>• се корегира по забелешките од неиздавање на согласност од страна на МТВ Скопје | Прив.иницијатива |
| **26** | Лескоец | |
| **27** | Косел | |
| **28** | Вапила | |
| | | |

## IV. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за откупен центар на дел од кп 702/1 ко Долно Лакочереј-вон град, општина Охрид<br>• отпочната постапка по е-урбанизам | Општина |
| **2** | ЛУПД на кп 590 и кп 594 Ко Долно Лакочереј | |
| **3** | ЛУПД градежна парцела на кп 2002 КО Лескоец - ОУ Ванчо Николески село Лескоец<br>• кај изработувачот за изработка на ЛУПД | Оштина |
| | | |

## V. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополнување на ГУП на град Охрид<br>• планот е доставен во МТВ Скопје на согласност | Општина |

**Сектор за урбанизам и управување**
**со градежно земјиште**
Овластено лице од Секторот за урбанизам
Татјана Стојческа, диа

**Број 08-6377/8-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за 2016 година за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2016 година за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈза реализација на програмата за спорт и рекреација за 2016 година за период од 01.01. до 31.03.2016**

**Програма Л0**

Создавањето услови за спортување на сите генерации ,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба, реконструкција и опремување на спортските сали, фудбалските игралишта, организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Поддршката за учество во училишните лиги во повеќе спортови во соработка со Сојузот на училиштен спорт е од особено значење.

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација и приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта онамо каде ги нема .

Во извештајниов период завршена е набавката спроведена со Оглас за прибирање понуди Бр.01/2016 - Изработка на оградување на фудбалското игралиште со изградба на бетонски трибини во с. Лескоец , Донесена Одлука за избор на најповолен понудувач и склучен Договор од 14.03.2016 година со ДОО „Атриум“ с. Вевчани изведувач на градежните работи,на терен се вршат припремните работи за отпочнување на реализација на проектот.

Во тек е постапката за избор на најповолен понудувач за изведување на градежните работи Изградба на повеќенаменско игралиште со вештачка трева и ПВЦ покрив врз метална конструкција и поставување на гумена подлога на игралиште во ОУ „Св.Климент Охридски“.

Во извештајниов период отпочна и заврши постапката по конкурсот за субвенционирање на трошоците за користење на спортски терени на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид.Субвенции ќе користат:РК„Охрид2013“,РК„Лихнид“,КК„АВ„,КК„Колибри“,ТК„Давид“КБ„ГолденТим“ДООЕЛ„Делфина“,Црвен Крст,ГФК„Охрид Лихнидос“,ЖФК„Билјанини Извори“,ОФС Охрид,ФК„ОСК Фер Плеј“,ФК„Академија Пандев“,ФК„Еврофудбал 2 Вардар“ и ФКОхрид Топ Тим“ .

Како резултат на финансирањето и создавањето услови за одбележување се постигнатите резултати на: Ракометниот клуб „Охрид 2013“ кој обезбеди Плеј Оф натпревари во разигрување за титулата Државен првак како и разигрување во групи во Куп натпреварите во Македонија а КК „АВ“ Охрид на два натпревари пред крајот на првенството во Втората лига е на прагот за влез во Првата кошаркарска лига на Македонија.

Општината Охрид во рамките на своите можности а согласно Буџетската програма ЛО Спорт и рекреација за 2016 г. издвои средства во висина од 20.700.000.00 а во извештајниот период потрошени се 2.679.106,00 за реализација на следните активности:

Согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“

**КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР*

Средства во висина од 1.097.000.00

**КОНТО 463120** *ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ*

Средства во висина од 1.340.000.00 и тоа:

| | |
|---|---|
| РК „Охрид 2013“АД | 400.000,00 |
| Сојуз на спортови | 40.000,00 |
| РК „Охрид 2013“АД | 450.000,00 |
| РК „Охрид 2013“АД | 450.000,00 |

**КОНТО 482920** ИЗГРАДБА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ
Средства во висина од 242.106.00 и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| „Тане 2007„Дооел | 242.106,00 | Изградба на детско игралиште канал Студенчишта |

Позначајни настани и активности
Февруари Шампионот обединува- насмевка животот е едукација,Игор Иџе Стефаноски
Март Турнир во мал фудбал – Основни училишта

Вообичаено во периодот Јануари – Март во повеќето спортови се припремните активности за претстојните првенствени натпревари па поради тоа во извештајниот период се бележат настани и активности со намален интензитет.

**Број 08-6377/9-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2016 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување на јавна чистота за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2016 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за периодот од 01.01. - 31.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈОД 01.01.2016 ДО 31.03.2016**
**ПРОГРАМА Ј4 Одржување на јавна чистота за**
**2016 година**

Врз основа на „Законот за јавна чистота“ (Сл. Весник на РМ бр.111/08,130/10,23/11,53/11,80/12,163/13,44/15 и 147/15) „Законот за локална самоуправа“(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2016 година.

Оваа Програма ја спроведува Одделението Јавна Хигиена од Работната Единица Комунална Хигиена, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на Општина Охрид.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на собраниот смет.

Динамиката на одржување на чистота на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложенава Програма за работа, која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред, а се врши преку:

- Рачно и машинско метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање на хартија и други отпадоци;
- Празнење на корпи за отпадоци;
- Прскање и миење на улици во летен период;
-

За подобро извршување на работите од страна на Одделението „Јавна Хигиена“ улиците се групирани оперативно во четири категории:

- **I категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој ден преку цела година, **се мијат секој ден во период од 6 месеци ,а другите шест месеци по потреба.** Тоа се улици главно сконцентрирани во центарот на градот. Овие површини се метат рачно и машински;
  Исто така заради зголемените активности околу одржувањето на јавната хигиена во с.Трпејца, с.Пештани, нас.Св.Стефан, потегот од нас.лагадин до нас.Елешец, плажа грашница и плажа Сараиште и с.Велгошти, истите влегуваат во I –ва категорија, односно ќе се метат секој ден во текот на летната сезона.
- **II категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој втор ден во неделата. Тоа се улици кои се тесно поврзани со оние од I-ва категорија, или се дел од нив. Истите **се мијат** секој втор ден, а се метат рачно и машински;

- **III категорија**: влегуваат улиците кои ќе се метат два пати неделно, повеќето од нив од стариот дел на градот и ќе се чистат рачно;
- **IV категорија**: влегуваат улиците кои се чистат еднаш неделно рачно и машински, а се улици од поширок круг од центарот на градот.
  Исто така во оваа категорија со истиот режим на чистење влегуваат и селските населби и туристички места.

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

- **I категорија -**
  - метење 365 работни дена;
  - миење на улици 210 дена;
  - празнење на корпи за отпадоци 365 работни дена;
- **II категорија -**
  - метење 183 работни дена;
  - миење на улици 110 дена;
- **III категорија -**
  - метење двапати неделно;
  - миење на улици 60 дена.
- **IV категорија -**
  - метење еднаш неделно;
  - миење на улици 30 дена.

Метењето на улиците се врши секојдневно од 05- 11 часот, а собирањето на хартија и празнењето на корпите за ѓубре се врши во две смени од 12-18 часот и 18-24 часот. Во летниот период се врши и секојдневно прскање и миење на улиците, како и машинско метење на улиците во периодот од 02-08 часот. Работниците се распоредени во групи кои имаат свои реони за работа, а се групирани во групи од двајца извршители и тоа еден метач и еден опслужувач на количка – јапонер.

**I –Изведени активности за период од 01.01. до 31.03.2016 година**

Согласно календарот за работа во изминатиот период се извршени следните активности по месеци:

Месец јануар:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден

Месец февруар:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 29 ден

Месец март:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 15 ден

**II – Реализирани активности за период 01.01.до 31.03.2016 година**

Реализацијата на активностите за наведениот период согласно Извештајот за спроведување на буџетот, изнесува 3.042.849,00 денари, кои се однесуваат на исплата дел на новонастанати обврски, како и за обврски од претходни години.

**Број 08-6377/10-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈОД 01.01.2016 ДО 31.03.2016**
**ПРОГРАМА J7Одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година**

Врз основа на „Законот за локална самоуправа“(Сл. Весник на РМ бр.5/02), Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07) и Комуналниот ред на Општина Охрид (Сл.гласник бр.9/13), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај за реализација на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за период од 01.01. до 31.03.2016 година:

Градското зеленило опфаќа површина на територија на градот и тоа: паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Вкупната површина која се одржува изнесува 74.329 $m^2$.

Редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите. Исто така на сите јавни површини се врши кроење на дрвниот фонд заради нивна превентива од оштетување од временски неприлики, болести и штетници, како и отстранување на опасни дрва заради заштита на материјални добра и луѓе.

Дрворедите долж сообраќајниците се одржуваат исто така со нивно навремено окопување, чистење од трева, полевање преку сезона и кроење.

Зеленилото во жардињерата на Бул.„Туристичка“ на површина од 1.350 $m^2$, како и жардињерата на ул.„Железничка“ со 4.000 садници од се одржува со редовно чистење од трева, полевање и кроење.

Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 $m^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, косење на тревата, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

***ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2016 ГОДИНА***

| *Вид на операција* | *Квалификација* | *Единица мера* | *Количина* | *Број пати* | *Вкупна количина* |
|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева | КВ | $m^2$ | | | |
| -паркови | | | 49.465 | 14 | 692.510 |
| -Бул.„Туристичка“ | | | 13.340 | 9 | 120.060 |
| -ул.„Ј.Sанд.“ и „7-ми Ноем.“ | | | 6.360 | 5 | 31.800 |
| -парк Рача | | | 3.500 | 8 | 14.000 |
| -круж.текБул.„Турист“и „АСНОМ“ | | | 314 | 9 | 2.826 |
| Собир.трева по маш.косење со изнес. | ОР | $m^2$ | 40.365 | 4 | 161.460 |
| Полив.трева, дрва и гр. | КВ | $m^2$ | 40.365 | 2 | 80.730 |
| Чистење трева од лист со изнесување | ОР | $m^2$ | 38.000 | 2 | 76.000 |
| Сад.цвет.површ.со опер.ѓубр.и расад. | КВ | бр. | 15.000 | 2 | 30.000 |
| Прашење и полев.цезон цвеќе | КВ | бр. | 15.000 | 2 | 30.000 |
| Кроење-режење грмуш. | КВ | бр. | 9.300 | 1 | 9.3000 |
| Кроење режење тренд. | КВ | бр. | 700 | 2 | 1.400 |
| Собир.харт.и отпадоци | ОР | дена | 365 | 1 | 365 |

**I – Изведени активности за период од 01.01. до 31.03.2016 година**

Согласно календарот за работа во изминатиот период се извршени следните активности по месеци:

Месец јануар:

- Кроење – режење на трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 350 броја
- Кроење – режење грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.100 броја
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден

Месец февруар:

- Кроење – режење на трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 350 броја
- Кроење – режење грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.200 броја
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 29 дена

Месец март:

- Машинско косење трева во градски парк. . . . . . . . . . . . . 49.465 м$^2$
- Собирање трева по машинско косење . . . . . . . . . . . . . . . .40.365 м$^2$
- Чистење трева од лист со изнесување . . . . . . . . . . . . . . . .38.000 м$^2$
- Кроење – режење на трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 350 броја
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден

**II – Реализирани активности за период 01.01. до 31.03.2016 година**

Реализацијата на активностите за наведениот период согласно Извештајот за спроведување на буџетот, изнесува 1.000.000,00 денари, кои се однесуваат на исплата дел на новонастанати обврски, како и за обврски од претходни години.

**Број 08-6377/11-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма други комунални услуги 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/18** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ ОД 01.01.2016 ДО 31.03.2016**
**ПРОГРАМА Ј6 Развојна програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2016-2018 година**

Задачи на програмата за одржување на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај е да обезбеди континуиран, непречен, динамичен и безбеден сообраќај на територија на Општина Охрид, во интерес на сите граѓани на Општина Охрид. Потребно е одржавањето на локалните патишта и улици да се врши во текот на целата година , пред почетокот на зимската сезона а посебен акцент за време на зимската сезона.

Во расходниот дел предвидена е следната распределба на средства:

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Сообраќајна студија за град Охрид | 1.500.000 | | 0 |
| **2** | Изработка на сообраќајни проекти | 600.000 | | 0 |
| **3** | Средства предвидени за зимско одржување на локални патишта и улици | 3.000.000 | 304.478 | 10,15 |
| | 1. Ул.„ Јане Сандански“ | | | |
| | 2. Ул.„Питу Гули( од ул.Јане Сандански до ул.7-ми Ноември) | | | |
| | 3. Ул.„7-ми Ноември“( од Булевар Туристичка до ул.Железничка) | | | |
| | 4. Ул.„Македонски Просветители(од кружниот тек до Противпожарна Станица) | | | |
| | 5. Ул.„Партизанска“( од Булевар Македонски Просветители до пресекот со ул.Асном) | | | |
| | 6. Ул.„Димитар Влахов“ ( од ул.Јане Сандански до Булевар Македонски Просветители) | | | |
| | 7. Ул.„Абас Емин“(од пресек со Булевар Туристичка до ул.Гоце Делчев) | | | |
| | 8. Ул.„Кирил и Методиј“( од ул.Гоце Делчев до Горна Порта) | | | |
| | 9. Ул.Илинденска (цела должина) | | | |
| | 10. Ул.„Гоце Делчев“(од пресек ул.Абас Емин до крај) | | | |
| | 11. Ул.„Марко Цепенков“(од ул.Сирма Војвода до ул.Момчило Јорданоски) | | | |
| | 12. Ул.„ Момчило Јорданоски“( од ул.Марко Цепенков до пекара Габреш) | | | |
| | 13. Ул.„ Сирма Војвода“( од ул.Јане Сандански) | | | |
| | 14. Ул.„ Кузман Јосифоски“ ( од ул.Партизанска до ул.Димитар Влахов) | | | |
| | | | | |
| | ***2-ра група на Улици:*** | | | |
| | 1. Ул.„ Абас Емин“( од Булевар Туристичка до ул.Железничка) | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Ул.„ Стив Наумов“( од Булевар Туристичка до ул.Гоце Делчев) | |
| | 3. Ул.„ Асном“ ( од Булевар Туристичка до ул.Карпош Војвода) | |
| | 4. Ул.„ Даме Груев( од Булевар Туристичка до Кружниот тек) | |
| | 5. Ул.„ Карпош Војвода( од ул.Јане Сандански до ул.Асном) | |
| | 6. Ул.„ Марко Несторосκи( од ул.7-ми Ноември до ул.Питу Гули) | |
| | 7. Ул.„ Марко Цепенков“( од ул.Момчило Јорданоски до Стобекс) | |
| | 8. Ул.„ 1-ва Македонска Ударна Бригада( од ул.Питу Гули до Стобекс) | |
| | 9. Ул.„ Живко Чинго( од ул.15-ти Корпус до ОУ „ Живко Чинго) | |
| | | |
| | ***<u>3-та група на Улици:</u>*** | |
| | 1. ул.„Кеј Маршал Тито“(од Булевар Македонски Просветители до Асном) | |
| | 2. ул.„ Асном“(од Кеј Маршал Тито до Булевар Туристичка) | |
| | 3. ул.„ Стив Наумов“( од Булевар Туристичка до ул.8-ми Март) | |
| | 4. ул.„ 8-ми Март(од ул.Железничка до ул.Стив Наумов) | |
| | 5. ул.Распаќе( од ул.Гоце Делчев до Булевар Туристичка) | |
| | 6. ул.„ Галичица“( од ул.Јане Сандански до ул.Асном) | |
| | 7. ул.„ Ванчо Николески“( од ул.Партизанска до ул.Димитар Влахов) | |
| | 8. ул.„ Карпош Војвода“( од ул.Даме Груев до ул.Јане Сандански) | |
| | 9. ул.„Цар Самоил“( цела) | |
| | 10. ул.„ Коста Абраш( цела) | |
| | 11. ул.„ Момчило Јорданоски“( од ул.Марко Цепенков до ул.1-ва Макед.Ударна Бригада) | |
| | 12. ул.„ Егејска“( од ул.Железничка до ул.7-ми Ноември) | |
| | 13. ул.„ Ариф Мустафа“( од ул.Гоце Делчев до Булевар Туристичка) | |
| | | |
| | ***<u>4-та група на Улици:</u>*** | |
| | 1. ул.„8-ми Септември“ ( од ул.Никола Карев до ул. Сирма Војвода) | |
| | 2. ул.„ Лазо Трпоски“(од ул.Галичица до ул.Сирма Војвода) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3. ул.„ Никола Карев“( од ул.Галичица до ул.Асном и до Булевар Туристичка) | | | |
| | 4. ул.„ Илинденска“( од ул.Цар Самоил до ул.Горна Порта) | | | |
| | 5. ул.„Кузман Капидан“( од Горна Порта до Плаошник;од Горна Порта до Самоилови) | | | |
| | 6. ул.„ Беќир Али Риза( од ул.Абас Емин до ул.7-ми Ноември) | | | |
| | 7. ул.„ Крали Марко ( од ул.Стив Наумов до ул.Абас Емин) | | | |
| | 8. ул.„ Никола Петров Русински( од Булевар Туристичка до ул.Гоце Делчев) | | | |
| | 9. ул.„Гоце Делчев“ до ул.„ Васил Стефоски“ | | | |
| | 10. ул.„ Васил Стефоски“(од ул.Гоце Делчев до ул.Махмут Рифат) | | | |
| | 11. ул.„ Махмут Рифат“( од ул.Гоце Делчев до ул.Васил Стефоски) | | | |
| | 12. ул.„Дејан Војвода“( од ул.Абас Емин до ул.Стив Наумов) | | | |
| | 13. ул.„ Даме Груев“( до комплекс згради нас.Христо Узунов) | | | |
| | 14. ул.„ Богомилска“(ул.Марко Несторoски до ул.Даме Груев) | | | |
| | 15. ул.Васил Главинов( од ул.7-ми Ноември до ул.Марко Несторoски) | | | |
| | 16. ул.„Ѓорче Петров“(ул.Марко Несторoски до комплекс згради Христо Узунов) | | | |
| | 17. ул.„ Вангел Николоски “( од ул.1-ва Мак.Удар.Бригада до ул. Марко Цепенков) | | | |
| | 18. ул.„ Трајче Дојчиноски“( од ул.1-ва Мак.Удар.Бригада до ул. Марко Цепенков) | | | |
| | 19. ул.„ 1-ви Мај“ (од ул.Питу Гули до 1-ва Мак.Удар.Бригада) | | | |
| | 20. ул.„ Александар Гушо“( од ул.Питу Гули до ул.Трајче Дојчиноски) | | | |
| | 21. ул.„Ристо Чадо“( од ул.Железничка до Стобекс) | | | |
| | 22. ул.„ Ванчо Питошески“( од ул.Јане Сандански до ул.Мирче Ацев) | | | |
| | 23. ул.„ Мирче Ацев“( ул. Никола Карев до ул.Ванчо Питошески) | | | |
| | 24. ул.„ Бистрица“(од ул.Железничка до ул. Васил Стефоски) | | | |
| | | | | |
| | ***Приградски и селски населби:*** | | | |
| | 1. с.Скребатно | | | |
| | 2. с.Подмоље | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3. с.Пештани | | | |
| | 4. с.Трпејца | | | |
| | 5. с.Љубаништа | | | |
| | | | | |
| **4** | Средства предвидени за зимско одржување на локални патишта и улици, машинско и рачно чистење на снег, одрони од камења и земја, чистење на банкини од тревни површини, гранки и дрва покрај патот и други објекти во Општина Охрид | 1.200.000 | | 0 |
| | ***<u>ПРВ ПАКЕТ</u>*** | | | |
| | | | | |
| | Охрид – Д.Лакочереј – Г.Лакочереј | | | |
| | ул.„Радојца Новичиќ“ | | | |
| | ул.„Српница“ | | | |
| | ул.„130“ | | | |
| | ул.„Петрино“ | | | |
| | ул. "Кленоец" | | | |
| | Охрид-с.Орман-с.Д.Лакочереј | | | |
| | ул."Прилепска" | | | |
| | ул."Винковачка" | | | |
| | ул."Будва" | | | |
| | **сите мали улици опфатени во територијата со овие улици** | | | |
| | | | | |
| **5** | Средства предвидени за зимско одржување на локални патишта и улици, машинско и рачно чистење на снег, одрони од камења и земја, чистење на банкини од тревни површини, гранки и дрва покрај патот и други објекти во Општина Охрид | 1.200.000 | | 0 |
| | | | | |
| | ***<u>ВТОР ПАКЕТ</u>*** | | | |
| | ул.„8-ми Март“ | | | |
| | ул.„Јабланица“ | | | |
| | ул.„Стив Наумов“ | | | |
| | ул."Крале Марко" | | | |
| | ул."Дејан Војвода" | | | |
| | ул."Бистрица" | | | |
| | ул."Ариф Мустафа" | | | |
| | ул."Аџи Мустафа" | | | |
| | ул.Никола П.Русински | | | |
| | **сите мали улици опфатени во територијата со овие улици** | | | |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Средства предвидени за зимско одржување на локални патишта и улици, машинско и рачно чистење на снег, одрони од камења и земја, чистење на банкини од тревни површини, гранки и дрва покрај патот и други објекти во Општина Охрид | 1.200.000 | | 0 |
| | ***ТРЕТ ПАКЕТ*** | | | |
| | Охрид – с.Рамне; | | | |
| | Охрид – с.Велестово; | | | |
| | Регионален пат 501 – Рача; | | | |
| | Регионален пат 501 – с.Коњско; | | | |
| | Регионален пат 501 – с.Елшани; | | | |
| | Регионален пат 501 – нас. Исток; | | | |
| | Регионален пат 501 – нас. Св.Стефан. | | | |
| | **сите мали улици опфатени во територијата со овие улици** | | | |
| | | | | |
| 7 | Средства предвидени за зимско одржување на локални патишта и улици, машинско и рачно чистење на снег, одрони од камења и земја, чистење на банкини од тревни површини, гранки и дрва покрај патот и други објекти во Општина Охрид | 1.200.000 | 18.295 | 1,52 |
| | ***ЧЕТВРТИ ПАКЕТ*** | | | |
| | | | | |
| | Прентов Мост – Куратица | | | |
| | Приклучок од А3 – с.Свиништа – с.Речица – с.Плаќе | | | |
| | с.Косел – с.Вапила – с.Ливоишта – с.Расино – с.Сирула | | | |
| | Приклучок од А3-с.Опеница | | | |
| | **сите мали улици опфатени во територијата со овие улици** | | | |
| | | | | |
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2016 година за програма Ј6 се реализирани активности во висина** | **3.000.000** | **322.773** | **10,76** |

Во периодот од 01.01.2016 до 31.03.2016 година од вкупно предвидените срества 3,000,000,00 денари за **Програмата Ј6 Одржување и заштита на локални патишта** реализирани се вкупно 322,773,00 денари, за кои финансиската документација е во подготовка и истата ќе биде дадена за исплаќање во наредниот период

.

| Предвидени срества **Програмата Ј6** | Вкупно потрошени срества | Процент % |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Одржување и заштита локални патишта** ***2016*** | 01.01.2016 до 31.03.2016 | |
| **3,000,000.00** | | |

**Број 08-6377/18-1**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/19**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за уредување на градежно земјиште за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/19**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ ОД 01.01.2016 ДО 31.03.2016**
**ПРОГРАМА ФАРазвојна програма за уредување на градежно земјиште за 2016-2018година**

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2016-2018 година, изработена од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани. Програмата го продолжува континуираниот развој на општина Охрид и зголемените инвестициони активности на општината во изминатиот период.

Изработена е врз основа на анализите направени за можната реализација на урбанистичките планови во народниот период, писмените забелешки на граѓаните, разговорите со дел од жителите на општината, редовните контакти на Градоначалникот и стручните служби, со одборите на МЗ, програмите на УЗ кои се доставуваат до општинските служби, како и согледувањата на стручните служби.

Согледувајќи го погоре изнесеното, направен е предмер пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Со оваа програма посебно се опфатени следните сегменти, и тоа:

-изработка на урбанистички планови;

-подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи;

-изработка на водоводна, канализациона и мрежа за одводни води;

-асфалтирање, тампонирање, поставување на улични рабници и поплочување на тротоари;

На дел од улиците ќе се врши делумна санација на истите, на дел тампонирање, на дел целосна санација и тоа по однос на целосната инфраструктура.

За целосна реализација на ова програма, потребно е да се реши финансирањето на истата, па за таа цел ги предлагаме следните извори на финансирање.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

А) Надомест за уредување на градежно земјиште

Б) Изворни приходи на општината

В) Сретства од Министерство за транспорт и врски

Г) Средства од Министерство за финансии

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

Во овој дел се опфатени средствата потребни за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти.

**ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

Со овие средства се предвидува да се решат дел од имотно-правните односи и експропријација на земјиште за предмети кои се доставени од граѓани.

**Отварање на пристапни патишта**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Отварање на пристапни патишта | 8,000,000 | **1,400,000** | **17,50** |

**Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е утврдено согласно Одлуката донесена од страна на Советот на Општина Охрид објавена во Службен гласник на Општина Охрид на ден 05.02.1999 година, каде се утврдени зоните и цените по метар квадратен за секоја зона.

| Ред. Бр. | опис | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | Изработени Заклучоци за пресметување на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект-легализација | 3 | 197,896.00 |
| 2 | Изработени предмети и договри на надоместок за уредување на градежно земјиште | 182 | 4,178,668.00 |
| 3 | Поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас | 22 | 1,441,500.00 |
| | **вкупно** | | 5,818,064.00 |

**АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на проектна и техничка документација | 1,500,000 | | 0.00 |
| 2 | Стручна ревизија на инфраструктурни проекти | 500,000 | | 0.00 |
| 3 | Изработка на елаборати за животна средина за инфраструктурни проекти | 300,000 | | 0.00 |
| 4 | Вршење на стручен надзор на изградба и реконструкција на инфраструктурни | 1,000,000 | | 0.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | објекти | | | |
| 5 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта во УЗ„Влашкамала“ | 2,000,000 | | 0.00 |
| 6 | Асфалтирање и рек. пристапни патишта во УЗ„Илинден“ | 1,000,000 | | 0.00 |
| 7 | Асфалтирање и рек. на пристапни патишта во УЗ„Видовишта“ | 1,600,000 | | 0.00 |
| 8 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта во УЗ„Дејан Војвода“ | 500,000 | | 0.00 |
| 9 | Реконструкција на пристапен пат за ОУ “Св.Климент Охридски“ | 1,000,000 | | 0.00 |
| 10 | Реконструкција на крак ул. „Кирил и Методи“ горна порта-дрвара | 2,000,000 | | 0.00 |
| 11 | Реконструкција на краци во УЗ„Радојца Новичич“ | 1,000,000 | | 0.00 |
| 12 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта на ул. “Сирма Војвода“-Болнички Комплекс | 2,500,000 | 2,413,500 | 96.54 |
| 13 | Реконструкција на дел од улица „Васил Стефоски“ | 1,500,000 | | 0.00 |
| 14 | Реконструкција на краци од ул.„Абас Емин“ | 1,000,000 | | 0.00 |
| 15 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта на ул.„ Крум Точко“ до спој со дрвара | 600,000 | Во тек на изградба | |
| 16 | Реконструкција на краци од ул.„Момчило Јорданоски“ | 1,000,000 | | 0.00 |
| 17 | Реконструкција на улици во УЗ „Гоце Делчев“ | 1,000,000 | | 0.00 |
| 18 | Асфалтирање на пристапни патишта во УЗ„Железничка“ | 1,500,000 | | 0.00 |
| 19 | Асфалтирање на пристапни патишта УЗ„15ти-Корпус “ | 1,500,000 | | 0.00 |
| 20 | Асфлтирање и реконструкција на тротоари на бул.„Туристичка“ | 3,900,000 | | 0.00 |
| 21 | Асфалтирање и реконструкција на тротоари на „Туристичка“од рас.со ул.„Стив Наумов’’ до рас.со ул.„Распаке“ | 6,100,000 | | 0.00 |
| 22 | Асфалтирање и реконструкција на тротоари на бул.„Туристичка“од рас.со ул.„Јане Сандански ’’ до рас.со ул.„Јордан Мијалков | 5,000,000 | | 0.00 |
| 23 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта во населба„Охридати“ | 900,000 | | 0.00 |
| 24 | Асфалтирање и рек. на пристапни патишта во УЗ „Центар’ул.„Партизанска“ и ул.„Димитар Влахов“ | 1,400,000 | | 0.00 |
| 25 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта н.Бејбунар | 500,000 | | 0.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 26 | Асфалтирање и реконструкција на краци на ул.„7ми Ноември“ | 500,000 | | 0.00 |
| 27 | Изградба на велосипетска патека од Билјанини извори до н.Свети Стафан | 15,000,000 | | 0.00 |
| 28 | Асфалтирање и реконструкција и одржавање на други непредвидени улици | 6,000,000 | | 0.00 |
| 29 | Санација и крпење на ударни дупки и прекопи | 7,000,000 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО** | | **2,413,500** | |

**ИЗГРАДБА НА КРУЖНИ РАСКРСНИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ РАСКРСНИЦИ И ИЗВЕДБА НА ПАРКИНГ МЕСТА**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Уредување и одржавање на постојни кружни раскрсници | 500,000 | | 0.00 |
| 2 | Изградба на кружна раскрсница на ул.Туристичка-Јане Сандански | 6,000,000 | Во тек на изградба | |
| 3 | Изградба на кружна раскрсница на ул.Туристичка-Абас Емин | 3,500,000 | Во тек на изградба | |
| 4 | Изградба и уредување на паркинг места | 500,000 | | 0.00 |
| 5 | Уредување и оджавање на други раскрсници | 2,000,000 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО** | | **0** | |

**ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржавање на улици во УЗ Стар Град | 7,000,000 | | 0.00 |
| 2 | Уредување на тротоари во УЗ Центар | 1,000,000 | | 0.00 |
| 3 | Поплочување пешачка патека во УЗ Кошишта-Лабино-Канео | 3,000,000 | | 0.00 |
| 4 | Поплочување пешачка патека во УЗ Воска | 1,000,000 | | 0.00 |
| 5 | Поплочување на тротоари во нас. Далјан | 1,000,000 | | 0.00 |
| 6 | Поплочување на тротоари на ул.Сирма Војвода | 1,000,000 | 573,869 | 57.39 |
| 7 | Поплочување на тротоари во нас. Христо Узунов | 1,000,000 | | 0.00 |
| 8 | Поплочување на крак од ул.„7ми Ноември“ | 500,000 | | 0.00 |
| 9 | Средување на тротоарот на ул.Гоце Делчев | 1,000,000 | | 0.00 |
| 10 | Уредување на тротоари во УЗ Влашкамала | 2,000,000 | | 0.00 |
| 11 | Уредување на тротоари во УЗ Гоце Делчев | 2,000,000 | | 0.00 |
| 12 | Уредување на тротоари УЗ 15-ти Корпус | 1,000,000 | | 0.00 |
| 13 | Уредување на тротоари на Бул. Туристичка | 3,000,000 | | 45.64 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Уредување на кружна крстосница на пресекот бул. Туристичка со ул. Стив Наумов | | 585,539 | |
| | Уредување на тротоари на кружна крстосница на пресекот на булевар Туристичка со ул. Македонски Просветители | | 783,558 | |
| 14 | Поплочување на Бул Тур. на тротоарот наспроти Халк Банка | 500,000 | | 0.00 |
| 15 | Изградба и одржавање на тротоар на ул. Абас Емин | 1,000,000 | | 0.00 |
| 16 | Доизградба на тротоари по должина на улицата Даме Груев | 1,000,000 | | 0.00 |
| 17 | Доизградба на тротоари по должина на улицата 8-ми Март | 1,000,000 | | 0.00 |
| 18 | Доизградба на тротоари по должина на улицата 8-ми Септември | 1,000,000 | Во тек на изградба | |
| 19 | Тампонирање на потег -влез во згради кај Пожарна | 200,000 | | 0.00 |
| 20 | Тампонирање на улици во нас.Болнички Комплекс | 500,000 | | 0.00 |
| 21 | Тампонирање на улици и пристапни патишта | 3,000,000 | | 0.00 |
| 22 | Поплочување и одржавање на други улици | 3,000,000 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО** | | **1,942,966** | |

**САНАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Санација и изградба на ѕидови во УЗ Стар Град | 3,000,000 | | 0.00 |
| 2 | Изградба на потпорен ѕид во н.Св.Стефан | 500,000 | | 0.00 |
| 3 | Изградба на потпорен ѕид во с.Косел | 500,000 | | 0.00 |
| 4 | Изградба на потпорен ѕид во с.Пештани | 500,000 | | 0.00 |
| 5 | Изградба на потпорен ѕид во нас. Рача | 300,000 | | 0.00 |
| 6 | Изградба на потпорен ѕид во с.Завој | 500,000 | | 0.00 |
| 7 | Санација и изградба на потпорни ѕидови во с.Велгошти | 1,500,000 | | 0.00 |
| 8 | Изградба на потпорен ѕид во с.Коњско | 2,000,000 | | 0.00 |
| 9 | Санација на потпорен ѕид во с.Велестово | 500,000 | | 0.00 |
| 10 | Санација на потпорен ѕид во УЗ Кошишта | 1,000,000 | | 0.00 |
| 11 | Санација и изградба на други ѕидови | 3,000,000 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО** | | **0** | |

**ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА УРБАНА И ДРУГА ОПРЕМА**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Поправка и одржување на урбана опрема | 2,000,000 | | 0.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Изградба и опремување на автобуски постојки | 1,000,000 | Во тек на изградба | |
| 3 | Набавка и монтажа и одржавање на клупи | 500,000 | | 0.00 |
| 4 | Набавка и монтажа на кошнички за отпадоци | 500,000 | | 0.00 |
| 5 | Набавка и поставување на жардињери за цвеќе | 300,000 | 139,688 | 46.56 |
| 6 | Набавка и поставување на пепелници | 200,000 | 30,311 | 15.16 |
| 7 | Поставување на рампи и ступчиња | 1,500,000 | | 0.00 |
| 8 | Користење на градежни машини и друга опрема | 500,000 | | 0.00 |
| 9 | Рушење на објекти | 500,000 | | 0.00 |
| 10 | Изградба на цветен пазар | 1,000,000 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО** | | **169,999** | |

**ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Партерно уредување на коритото на река Грашница од Б.Тур. до Железничка и на коритото на реката на ул.Аџи Мустафа до раскрсница со Б.Туристичка | 3,000,000 | | 0.00 |
| 2 | Партерно уредување на коритото на река во с.Пештани | 600,000 | | 0.00 |
| 3 | Партерно уредување на голем плоштад | 500,000 | | 0.00 |
| 4 | Изградба на мал плоштад Горна Порта | 500,000 | | 0.00 |
| 5 | Реконструкција на дрворед на ул.„Јане Сандански'' | 800,000 | | 0.00 |
| 6 | Реконструкција на дрворед на ул.„Македонски Просветители'' | 800,000 | | 0.00 |
| 7 | Реконструкција на дрворед на ул.„Кузман Капидан'' | 600,000 | | 0.00 |
| 8 | Уредување и оджавање на парковски површини | 1,000,000 | | 0.00 |
| 9 | Изградба на пешачка патека Охрид-Парк-Св,Стефан, Охрид- хотел Парк | 18,000,000 | | 0.84 |
| | Поставувањена рабници при изградба напешачка патека кај канал Студенчишта | | 151,512 | |
| | | | | |
| 10 | Изградба и реконструкција на шеталиште-Кеј Македонија, (крајбрежен појас) | 72,000,000 | | 0.00 |
| 11 | Реконструкција на шеталиште-потег Билјанини извори-мост Студенчиша(покрај каналот) | 20,000,000 | | 0.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Изградба и реконструкција на системи за одводување и пречистување на отпадни води и пумпни станици | 1,000,000 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО** | | **151,512** | |

**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изградба и реконструкција на детско игралиште с.Лескоец | 500,000 | | 0.00 |
| 2 | Изградба и реконструкција на детско игралиште УЗ Кошишта | 500,000 | | 0.00 |
| 3 | Изградба и реконструкција на детско игралиште УЗ Воска | 500,000 | | 0.00 |
| 4 | Изградба и реконструкција на детско игралиште с.Косел | 500,000 | | 0.00 |
| 5 | Реконструкција на детско игралиште УЗ Видовишта | 500,000 | | 0.00 |
| 6 | Изградба и реконструкција на детско игралиште с.Велгошти | 500,000 | | 0.00 |
| 7 | Изградба и реконструкција на детско игралиште с..Лакочереј | 500,000 | | 0.00 |
| 8 | Изградба и реконструкција на детско игралиште во УЗ Гоце Делчев | 500,000 | | 0.00 |
| 9 | Изградба и реконструкција на детско игралиште во рамките на училиштето Братство | 500,000 | | 0.00 |
| 10 | Изрaдба и реконструкција на детско игралиште ул.Ванчо Питошески | 500,000 | | 0.00 |
| 11 | Изградба и реконструкција на детско игралиште во рамките на училиштето Св.Климент | 500,000 | | 0.00 |
| 12 | Изградба и реконструкција на детско игралиште во рамките на училиштето во с.Елшани | 500,000 | | 0.00 |
| 13 | Изградба и реконструкција на детско игралиште н.Св.Стефан | 500,000 | | 0.00 |
| 14 | Изградба и реконструкција на детско игралиште УЗ Радојца Новичиќ | 500,000 | | 0.00 |
| 15 | Изградба на детско игралиште во паркот на Кеј Македонија | 1,000,000 | | 0.00 |
| 16 | Изградба на детско игралиште н.Билјанини Извори | 500,000 | | 0.00 |
| 17 | Изградба на детско игралиште н.Долна Влашкамала | 500,000 | | 0.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18 | Изградба на детско игралиште и мал плоштад кај чешмата на ул.Крали Марко“ | 500,000 | | 0.00 |
| 19 | Уредување и одржавање на детски игралишта | 3,000,000 | | 0.00 |
| | **ВКУПНО** | | **0** | |

**СТАРИ ОБВРСКИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Плаќање на стари обврски | **15.000.000** | 3.474.787 | 23,17 |
| | | | | |
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2016 година за развојна програма за уредување на градежно земјиште се реализирани активности во висина** | **149.000.000** | 9.552.764 | 6,41 |

Од вкупно предвидените средства **149,000,000.** денари, за реализација на ***Програмата ФА***
***– Уредување на градежно земјиште*** потрошени се вкупно **10,224,778.00** денари.

Од вкупно потрошените средства **9.552.764.00** денари се потрошени за реализирани активности.

Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција-
износот од **672.014.00** денари се стари долгови од претходните години.

Во периодот од 01.01.2016 до 31.03.2016 година -процентот на реализација на оваа **Програма ФА (** ***Уредување на градежно земјиште)*** изнесува **6.86** %.

| Предвидени сресства ***Програмата ФА – Уредување на градежно земјиште 2016*** | Вкупно потрошени сресства 01.01.2016 до 31.03.2016 | Процент % |
|---|---|---|
| **149,000,000** | **10,224,778** | **6.86 %** |

**Број 08-6377/19-1**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2016 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**за периодот од 01.01.2016 до 31.03.2016 година**

**Буџет на Општина Охрид**

Процесот на буџетирање започнува со изработка на годишен план, донесување фискална стратегија, подготвување на буџетски и развојни програми, па продолжува со донесување на буџет и како процес трае се до крајот на буџетската година кога годишниот план и програми треба целосно или во голема мера да бидат исполнети. Од степенот и квалитетот на извршување односно неизвршување на овие активности ќе зависи и квалитетот на живеењето во соодветната локална самоуправа и задоволството на граѓаните. Квалитетот на извршувањето на обврските и справувањето со предизвиците кои стојат пред локалната самоуправа за решавањето на горливите прашања и потребите на граѓаните, во секој случај бара добро осмислен и ефикасен процес на планирање и реализација на буџетот на локалната самоуправа како и реализација на низа активности во надлежност на општината.

Буџетскиот процес како збир на низа правила и активности овозможува локалната самоуправа навремено и квалитетно да изготви, усвои и пристапи кон извршување на еден квалитетен буџет. Со овој процес основно е да се дефинираат и изготват низа акти и одлуки кои ќе го утврдат буџетскиот план врз база на кој во подоцнежниот период ќе се врши распределување и дистрибуција на буџетските средства. Буџетскиот како процес е еден од најважните не само за администрацијата и општината како институција туку и за сите граѓани на таа општина поради фактот што во тој процес се донесуваат одлуки за начинот на прибирање и трошење на средствата од граѓаните и од правилното споведување односно зршување на овој процес во голема мерка ќе зависи и квалитетот на задоволување на потребите и барањата на граѓаните на една општина, подобрување или не на истите. Од реалното утврдување на приходите и расходите на општината директно ќе зависи и остварувањето на целите на ЕЛС, задоволување на потребите на граѓаните, успешно функционирање на службите во локалната самоуправа и правилно планирање на програмите и активностите.

Со измените и ингеренциите кои ги доби локалната самоуправа со процесот на децентрализација дополнително се потенцира потребата и важноста на овие процеси кои би се движеле во насока на квалитетен буџетски процес, квалитетно решение на инфраструктурните проблеми на граѓаните, подобрено менаџирање со локалната самоуправа и обврските во оние области во кои има надлежност локалната самоуправа.

Поради сето претходно изнесено, квалитетно изготвен буџет претставува основен предуслов за навремено извршување на зацртаните програми и активности. Квалитетот на услугите кои ги овозможува локалната самоуправа, во однос на решавање на потребите и проблемите на граѓаните, безусловно бара ефикасно буџетирање, односно планирање на сите расположливи ресурси од аспект на обезбедување на финансиски средства за реализација на низа активности во надлежност на општината. Услов за остварување на сето погоре кажано е изготвување на транспарентен буџет кој ќе ги опфати барањата на граѓаните, а притоа имајќи ја во предвид и развојната компонента на општината која треба да се осигура со донесувањето на буџетот како и изготвување на буџет кој на оптимален начин ќе ги опфати сите приходи кои се во надлежност на локалната самоуправа, а се утврдени со ЗФЕЛС. Прибирањето на приходите е неопходен предуслов за реализација на сите наредни активности, а кои се во надлежност на општината. Буџетот на општината се состои од годишна проценка на приходите и расходите по намени и активности. Реалното согледување и утврдување на севкупните мерливи параметри се особено значајни за изготвување на буџет во кој ќе се изврши правилна проценка на приходите и расходите а од тоа ќе произлезе и реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи и ќе се запази законитоста во спроведување на процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите. Во овој дел во голема мерка треба да се води сметка како за реалните потреби на граѓаните, од една страна, така и за реалните можности и капацитети на општината, од друга страна. Процесот на буџетирање покрај што треба да ги содржи сите претходно споменати елементи и активности неминовно бара и вклучување на граѓаните, здруженијата и целокупната администрација во овој процес, се со цел изготвување на квалитетен, транспарентен буџет, како единствен годишен развоен документ на општината. Процесот на буџетирање на локалната самоуправа како сложен процес е во тесна врска со многу други меѓусебно поврзани и зависни активности. Овој процес како таков започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на прибирање на приходите и извршувањето на расходите се однесува само за една тековна буџетска година. Програмското планирање како што сме спомeнале и во претходните извештаи и натаму претставува основа во процесот на буџетирање во локалната самоуправа и опфаќа буџетирање врз база на одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Капиталното инвестирање кое се планира во буџетот е опфатено и се планира во програми кои уште се нарекуваат и развојни програми кои се донесуваат за подолг временски период, односно неколку буџетски години, што од своја страна бара координираност на сите структури во локалната самоуправа. Во поглед на програмското буџетирање, основно е акцентот да се стави на програмите, да се изврши правилна распределба на расходите по програми и активности, да се има целосна слика и контрола на процесот на извршување и нивото на остварување на активноситите и проектите како и континуирана контрола на степенот на остварување на поставените цели. Активностите кои се превземаат на овој план, треба да овозможат навремена реализација на проектите по години, да дадат детална финансиска конструкција за изведување на тие проекти, како и да ја отсликаат реалноста и потребата односно оправданоста од таков проект.

Незамисливо е нормално функционирање на општината и извршување на сите планирани активности без правилно, навремено и точно донесување како и извршување на буџетот. Процесот на буџетирање е перманентен циклус кој започнува со моментот на изработување на годишниот план и програма и трае се до негова конечна реализација до крајот на буџетската година.

Согласно постапките во буџетскиот процес, како и активностите по буџетскиот календар, усвоен од Советот на општината, администрацијата во текот на подготвувањето на буџетот постојано врши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски ресурси утврдени согласно законската регулатива. Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво, ДДВ, блок дотациите и наменските дотации ја дефинираат вкупната маса на средства на општината кои стојат на располагање за решавање на одредени проблеми, потреби, активности и надлежности во буџетската година. Во проектирањето на трошоците, односно изготвувањето на расходниот дел, посебно се води сметка за укажувањата и потребите на граѓаните во процесот на решавање на инфраструктурните проблеми, се земаат во предвид предлозите и барањата на месните односно урбаните заедници, плановите на буџетските корисници и тоа сето преку извршени анализи на стручните служби на општината, имајќи ги во предвид долгорочните и годишните програми. Утврдените активности, искажани како трошоци, опфатени се во соодветни програми во буџетот, што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите ги дефинираат приходите кои ги остваруваат општините и ги опфаќаат следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ донации, кои се остваруваат врз база изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Во процесот на буџетирање, содржината и програмите од кои се состои буџетот се усогласени со унифициран начин на припрема и изготвување на буџетот, утврден од Министерството за финансии. Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Песебниот дел на буџетот ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите донесен од страна на Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми. Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии.

Согласно законските прописи, пишаните процедури и напатствија од МФ, општина Охрид на седница одржана на ден 25.12.2015 година со Одлука бр.08-17635/27 го утврди буџетот на општината за 2016 година на износ од 1.108.502.627,оо денари.

**Приходи**

Прибирањето на средствата- приходите се неопходен услов за реализација на активностите утврдени во буџетот, а во согласност со законската регулатива. Правилната проценка на приходите и расходите е една од основите и од круцијално значење за подготвување на

квалитетен и издржан буџет, кој ќе биде рефлексија на моменталниот фискален капацитет на општината и нејзината одржливост. Согласно постојната класификација на приходите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, а во зависност од извор на настанување на приходите, најголем дел од планираниот буџет за 2016 година, во висина од 589.784.017,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 589.784.017,оо денари е распределен по група на приходи:

- Даночни приходи ------------------------------------ 465.156.167,оо
- Неданочни приходи ---------------------------------- 14.300.000,оо
- Капитални приходи ---------------------------------- 16.450.000,оо
- Трансфери и донации --------------------------------- 93.877.850,оо

Согласно постојната законска регулатива, активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита се финансираат со трансфери од државниот буџет а во облик на блок дотации, односно наменски дотации за активности од областа на противпожарната заштита. Предвидени средства за утврдените активности од овој тип се 368.485.000,оо денари од вкупно утврдениот буџет. Согласно законската регулатива во вкупниот буџет на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 22.130.000,оо денари.

Приходите по основ донации за проекти за кои општина Охрид аплицирала пред соодветни меѓународни и домашни институции, во буџетската 2016 година се планирани на износ од 23.124.259,оо денари. Реализацијата на овие проекти согласно постојната евиденција и активностите кои се изведуваат на терен во најголем дел е завршена или е во тек, а голем дел од планираните приходи по овој основ веќе се остварени, односно веќе се пристигнати средства, при што останува да се реализираат активностите и да се реализира финансискиот аспект, односно дел на овие проекти, за што подетални информации може да се добијат од соодветните одделенија односно сектори.

Како во изминатата буџетска година така и во тековниот буџет, предвидени се средства по основ задолжување на износ од 104.979.351,оо денари кои општината ги има обезбедено преку Министерството за финансии за средства од Светска банка. Според податоците од соодветните служби активностите на терен се одвиваат интензивно при што треба да се истакне дека повеќето проекти се веќе во фаза на реализација за што подетални информации може да се добијат од соодветниот сектор и квараталните извештаи за поодделните буџетски - инвестициони програми, а од посебниот дел од кварталниот извештај образец К1, може да се согледа финансискиот дел, односно реализација на средствата од овој тип.

Според единствената сметковотствена евиденција, општина Охрид заклучно со првиот квартал во буџетската 2016 година остварила вкупен приход од 255.249.322,оо денари или процентуално изразено 23,03 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи вклучително и наведеното задолжување и пренесениот вишок на приходи вкупно од сите сметки кој дел како непотрошени средства во претходната буџетска година се пренесува и планира во буџетот за тековната година. Генерално гледано остварувањето на вкупниот буџет за наведениот период е одлично и многу блиску до идеалниот процент на остварување за првиот квартал. Анализирајќи поодело по групи на приходи планирани во буџетот покажува добро остварување освен во делот од основниот буџет. Доколку се анализира остварениот приход од изворните приходи- основниот буџет кој е во директна зависност од способноста и ангажираноста на стручните служби во постапката на прибирање на овие приходи, износот од 94.193.415,оо денари покажува остварување од 15,97 %.

од што може да се констатира дека општина Охрид за првиот квартал има недоволна реализација на планираните приходи. Она што овде треба да се потенцира е фактот дека буџетските приходи генерално добро се остваруваат во рамките на планираните износи и очекувањата за овој период со исклучок на делот Даноци на специфични услуги. Во овој тип на приходи покрај приходите од такса за привремен престој, комунална такса за истакнување на фирми, комунална такса за користење на улици, комунална такса за користење на простор за паркирање, користење на плоштади и друг простор, комунална такса за користење и одржување на уличното осветлување како и некои други видови на приходи, најзначајно место според своето зафаќање завзема приходот по основ надомест за уредување на градежното земјиште. Приходите од оваа група слично како и останатите приходи имаат солиден процент на остварување а значајно отстапување во овој период се јавува исклучиво во делот приходи по основ надомест за уредување на градежно земјиште. Во периодот кој следува доколку по овој основ не настанат некои позначајни поместувања во смисла на подобрување на остварувањето на овој тип приходи, се наметнува потребата од ревидирање на истите и нивно ребалансирање во рамките на показателите и моменталниот тренд на остварување на истите. Со оглед на периодот во кој сме моментално, а и периодот кој следи, за очекување е зголемување на остварувањето на овој вид на приходи и нивнен повисок степен на остварување на буџетот. Од приложениот квартален извештај табеларен преглед и табелата бр.1 дадена подолу може да се забележи отстапувањето кое претходно беше образложено во делот од даночните приходи. Во останатите групи на приходи проектирани со буџетот на општина Охрид доколку се задржи сегашниот тренд на остварување на овие приходи согласно законските рамки кои го дефинираат степенот на отстапување во остварувањето, оваа буџетска година би завршила со висок процент на остварување и задоволително ниво на остварување на проектираните приходи. Во делот од буџетот кој се однесува на кредитното задолжување, согласно информациите со кои располага стручната служба голем дел од предвидените проекти се завршени, а дел се во фаза на реализација и согласно темпото на остварување како на планиранте активности така и на финансискиот дел, со крајот на буџетската година за очекување е висока реализација на овој вид на планирани приходи во буџетот.

Согласно претходно изнесеното, а имајќи го во предвид споменатото отстапување, остварувањето на приходите, односно буџетот за првиот квартал недвосмилено укажува на добар тренд во прибирање на приходите, тренд кој раководството и стручните служби треба да настојуваат да се задржи, а каде што има простор и да се подобри со цел отворање на што поголем простор за реализација на планираните активности и програми во високо приоритетни области за граѓаните.

Структурата на планираните-остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2016** | **Остварено во прв квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **368.485.000** | **94.812.116** | **25,73** |
| **Самофинансирачки приходи** | **22.130.000** | **4.344.301** | **19,63** |
| **Даночни приходи** | **465.156.167** | **57.313.241** | **12,32** |
| **Неданочни приходи** | **14.300.000** | **3.025.872** | **21,16** |
| **Капитални приходи** | **16.450.000** | **7.034.351** | **42,76** |
| **Приходи од донации** | **23.124.259** | **10.048.276** | **43,45** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Трансфери и донации** | **93.877.850** | **26.819.951** | **28,57** |
| **Кредити** | **104.979.351** | **51.851.212** | **49,39** |
| ***Вкупно*** | ***1.108.502.627*** | ***255.249.322*** | ***23,03*** |

Податоците во табелата 1 укажуваат на одредени отстапувања во остварувањето на поодделните групи прходи објаснети претходно, при што посебен акцент треба да се стави на оние приходи кои што во поголема мера отстапуваат од планираното со буџетот за 2016 година. Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции и тековното ниво на остварување, а имајќи ја во вид и природата на овие приходи, за очекување е до крајот на годината во целост да бидат реализирани.

Средствата по основ самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на буџетските корисници. Од податоците за извршувањето во прегледот согласно остварувањето со овој квартал, може да кажеме дека остварувањето на овој тип на приходи се движи во рамките на очекувањата со добар процент на остварување но исто така и покажува дека сепак постои простор за подобрување во прибирањето на овие приходи во периодот кој следи. Приходите кои се опфатени во делот од основниот буџет, нивното остварување и движење во однос на планираниот буџет се погоре образложени. Приходите по основ донации, трансфери и кредитното задолжување планирани во буџетот се остваруваат на задоволително ниво. Графички приказ на податоците дадени во претходната табела следи, поодделно за проектираниот и реализираниот дел.

***Графикон бр.1***




Графиконот бр.1 го прикажува процентуалното учество на поодделните групи на приходи во вкупниот буџет за 2016 год. со цел добивање поцелосна слика за структурата на планираните приходи односно буџет, каде очигледно е учеството на даночните приходи и приходите по основ блок-наменски дотации, како доминантни износи во целокупниот буџет. Она што сакаме да го потенцираме во овој дел а е спомнато и претходно е тоа дека групата даночни приходи го опфаќа и делот даноци на специфични услуги во која група на приходи пак како најзначајни и најголеми износи влегуваат делот од надомест за уредување на градежно земјиште и делот од комуналната такса за користење и одржување на јавното осветление.

***Графикон бр.2***




Податоците кои се презентирани во графиконот бр.2 даваат целосен процентуален приказ на остварувањето на буџетските приходи поодделно по групи и нивното учество во вкупниот буџет, заклучно со првиот квартал за 2016 година.

Превземање на мерки за подобрување или задржување на трендот на остварување, односно прибирање на приходите по сите основи и извори до крајот на годината би довело до остварување на буџетот во планираните рамки а во оној сегмент кој претходно го споменавме би се пристапило кон ревидирање на предвидените приходи согласно позитивните законски прописи.

Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2015 година.

***Табела бр.2***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2015** | **Остварено во прв квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **366.195.402** | **95.742.897** | **26,15** |
| **Самофинансирачки приходи** | **21.600.000** | **6.572.187** | **30,43** |
| **Даночни приходи** | **310.690.236** | **64.228.758** | **20,67** |
| **Неданочни приходи** | **14.900.000** | **2.964.038** | **19,89** |
| **Капитални приходи** | **14.400.000** | **12.203.698** | **84,75** |
| **Приходи од донации** | **6.200.000** | **304.371** | **4,91** |
| **Трансфери и донации** | **52.860.638** | **21.871.970** | **41,38** |
| **Кредити** | **127.053.724** | / | / |
| ***Вкупно*** | ***913.900.000*** | ***203.887.919*** | ***22,31*** |

***Графикон бр.3***




Споредбено 2016 год. во однос на 2015 год. за првиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2016 год. 94.193.415,оо денари
- остварување во 2015 год. 101.268.464,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2016 год. е за 7,51 % помало од остварувањето за наведениот период во 2015 година.

Споредбено 2016 год. во однос на 2015 год. за првиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2016 год. 255.249.322,оо денари
- остварување во 2015 год. 203.887.919,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2016 год. е за 25,19 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2015 година.

Процентуалниот удел во вкупно проектираните и реализирани приходи за 2015 и 2016 година е прикажан во графикон бр.4.

***Графикон бр.4***




Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта во пропишана форма се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 31.03.2016 година. Остварувањето на приходите во општината по извори подетално се дадени

во кварталниот извештај – образец К1 каде може да се согледаат планираните износи како и нивното остварување заклучно со овој квартал.

**Расходи**

Јавните расходи според економската класификација, може да ги поделиме на тековни расходи, капитални расходи и други расходи. Оваа класификација и поделба е основа за изготвување на буџетот на локалните самоуправи, а врз основниот принцип на буџетска рамнотежа помеѓу приходите и расходите. Тековните расходи опфаќаат расходи за исплата на плати и надоместоци на вработените во администрацијата, набавка на разни стоки и услуги, расходи за режиски трошоци неопходни за функционирање на локалната самоуправа и нејзините органи, трошоци за социјални бенефиции, субвенции и трансфери и секако тука влегуваат и резервите и недефинираните расходи. Во капиталните расходи влегуваат сите оние инвестиции, кои имаат своја улога во развојот на опшеството и се однесуваат на инфраструктурни вложувања. Тие расходи ги опфаќаат трошоците за набавка на опрема, набавка или изградба на градежни објекти, вложувања во нефинансиски средства за истражување и развој и слично, вложувања кои придонесуваат и водат кон подобра иднина на граѓаните. Токму поради ваквите карактеристики на овие расходи, по дефиниција, сите локални власти како и централните настојуваат овие расходи да бидат доминантни при планирањето на буџетите, но за жал овие расходи се распределуваат во буџетот, откако ќе бидат распределени тековните расходи неопходни за функционирање на локалната самоуправа.

Структурата на расходите во најголема мерка кај локалните самоуправи е зависна од овластувањата кои ги имаат локалните самоуправи и јавните услуги кои ги обезбедуваат, а најчесто тие се во областа на комуналната сфера, уличното осветлување, изградба и реконструкција на локалната инфраструктура и сл. Структурата на расходите се менува со влегувањето на општините во втората фаза од процесот на децентрализација. Структурата на расходите во голема мерка е зависна од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со истите. Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните приходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето поодделно по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со 31.03.2016 како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно остварените приходи (буџетски средства - основен буџет) распределени по програми прикажани се во следната табела:

| | Програм | Планирано | Остварено | % |
|---|---|---|---|---|
| Ао | Совет на општина | 21,820,000 | 4,450,014 | 20.39 |
| До | Градоначалник | 3,892,500 | 605,007 | 15.54 |
| Ео | Општинска администрација | 138,537,978 | 29,971,489 | 21.63 |
| Ф1 | Урбанистичк планирање | 4,000,000 | 580,487 | 14.51 |
| ФА | Уредување на градежно земјиште | 149,000,000 | 10,224,778 | 6.86 |
| Г1 | Подршка на ЛЕР | 5,000,000 | 222,337 | 4.45 |
| Г2 | Потт. на развојот на туризмот | 18,790,000 | 348,509 | 1.85 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 500,000 | 0 | / |
| Ј3 | Јавно осветлување | 42,000,000 | 9,940,420 | 23.67 |
| Ј4 | Јавна чистота | 11,000,000 | 3,042,849 | 27.66 |
| Ј6 | Одржување и зашт.на пат.и улици | 3,000,000 | 0 | / |
| Ј7 | Одрж. и корист. на парк. и зеленило | 8,500,000 | 1,000,000 | 11.76 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 3,600,000 | 487,152 | 13.53 |
| ЈД | Изгр.и реконс.на патишта и улици | 63,012,539 | 13,042,080 | 20.70 |
| ЈФ | Изград.на сообр. сигнализација | 4,300,000 | 0 | / |
| ЈГ | Изград.на системи за водоснабдув. | 11,400,000 | 1,476,330 | 12.95 |
| ЈИ | Сист. за одвед.и преч.отпад.води | 11,500,000 | 0 | 0.00 |
| К4 | Култ.манифестации и творештво | 10,215,000 | 612,205 | 5.99 |
| Ло | Спорт и рекреација | 20,700,000 | 2,679,106 | 12.94 |
| Н1 | Основно образование | 29,450,000 | 2,601,775 | 8.83 |
| Н2 | Средно образование | 6,580,000 | 1,050,000 | 15.96 |
| Р1 | Заштита на животна средина | 1,200,000 | 12,000 | 1.00 |
| В1 | Детски градинки | 4,900,000 | 722,751 | 14.75 |
| Њо | Противпожарна заштита | 16,886,000 | 3,112,864 | 18.43 |
| | ***Вкупно*** | ***589,784,017*** | ***86,182,153*** | ***14.61*** |

Податоците во табелата укажуваат на разноликост во процентите на извршување и реализација по пооделни програми, но тоа што треба тука да се нагласи е потребата од разграничување помеѓу финансискиот дел, извршувањето на буџетот за наведениот период и активностите кои се извршуваат во истиот период, сето тоа поради фактот што активностите и проектите кои се реализираат во тековниот квартал по дефиниција предизвикуваат финансиски импликации во некој друг период односно квартал, кога се комплетира финансиската документација и се врши сметководствен третман на истата. Имајќи во предвид дека голем број проекти се во фаза на реализација, за очекување е во претстојниот период да биде доставена финансиска документација која ќе предизвика зголемување на степенот на остварување пооделно по активности и програми, а сето тоа ќе влијае на вкупниот степен на нивна реализација.

**Број 08-6377/20-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год. Претседател**
**О х р и д Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ, ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ И ГОДИШНИТЕ СМЕТКИ ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за развој на југозападниот плански регион и тековното работење на центарот за развој, финансискиот извештај и годишните сметки за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/21 ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год. Градоначалник,**
**О х р и д д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ, ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ И ГОДИШНИТЕ СМЕТКИ ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** годишниот Извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој за 2015 година, финансискиот Извештај и годишните сметки за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 08-6377/21 СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2016 год. Претседател**
**О х р и д Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуките за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски Пазар Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/22**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на:

- Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски Пазар Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Градски Пазар Охрид бр.02-135/4 од 24.03.2016 година и усвоена од Надзорниот одбор со Заклучок бр.02-133/4 од 24.03.2016 година и
- Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски Пазар Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Градски Пазар Охрид бр.02-154/6 од 13.04.2016 година и усвоена од Надзорниот одбор со Заклучок бр.02-155/5 од 13.04.2016 година

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/22**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и Член 20 и Член 7 од Статутот на ЈП Градски Пазар Охрид, Управниот одбор на ЈП Градски Пазар Охрид на својата седница одржана на ден 24.03.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За усвојување на пречистениот текст од Статутот на Јавно Претпријатие за управување со пазари на големо и мало (Градски Пазар Охрид)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Статутот број 02-4/4 од 13.12.2010 година на ЈП Градски Пазар Охрид.

**Член 2**

Во Статутот на ЈП Градски Пазар Охрид број02-4/4 од 13.12.2010 година се изменуваат и дополнуваат Член 5, член 11 и Член 40.

**Член 3**

**Во Член 5 се додава:**

16.10 - Пилење и стружење на дрво;
16.23 - Производство на друга градежна столарија;
16.29 - Производство на останати производи од дрво, производство на предмети од плута, слама и плетарски материјали;
23.70 - Сечење, обликување и доработка на камен;
24.33 - Ладно обликување и свиткување;
25.11 - Производство на метални конструкции и делови на конструкции;
25.12 - Производство на метални врати и прозорци;
25.61 - Обработка и преслекување на метали;
25.62 - Општи машински работи;
25.72 - Производство на брави и шарки;
25.90 - Производтсво на останати фабрикувани ;
25.91 - Производство на сандаци и слична амбалажа од челик;
25.92 - Производство на мабалажа за пакување од лесни метали;
25.93 - Производство на жичани производи, синџири и пружини;
25.99 - Производство на други фабрикувани метални производи неспоменати на други места;
32.99 - Останато производтсво, неспоменато на друго место;
33.11 - Поправка на фабрикувани производи од метал;
33.19 - Поправка на останата опрема;
38.30 - Обновување на материјали;
38.31 - Демонтирање на крш;
38.32 - Обновување на посебно издвоени материјали;
43.11 - Уривање;
43.12 - Подготвителни работи на градилиште;
43.21 - Електроинсталатерски работи;
43.29 - Други градежно-инсталатерски работи;
43.30 - Завршни работи во градежништво;
43.32 - Поставување на столарија;
43.34 - Бојадисување и застаклување;
43.39 - Останати завршни градежни работи;
43.91 - Дејности на покривни конструкции;
43.99 - Останати специјализирани градежни работи , неспоменати на друго место;
45.20 - Одржување и поправка на моторни возила;
52.21 - Услужни дејности поврзани со копнениот превоз;
81.30 - Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина
96.09 – Останати услужни дејности, неспомнати на друго место

**Член 4**

**Член 11 став 2 од Статутот се менува:**

Амблемот на Јавното претпријатие преставува круг со светлозелена боја која ја симболизира бојата на природата,растот и развојот. Во зелениот круг со бела боја која е симбол на чисто и совршено,испишани се со големи букви почетните букви на претпријатието ГП, под кои со мали бели букви е испишан целосниот назив на ЈП Градски Пазар Охрид.

**Член 5**

**Членот 40 се менува и надополнува со точките 1 и 2:**

1.Сектор за човечки ресурси, општи и административни работи и финансии

1.1.Одделение за човечки ресурси, општи и административни работи

1.2Одделение за финансии и јавни набавки

2.Сектор за пазари,планирање и квалитет,ИТ и развој

2.1 Одделение за планирање и квалитет, ИТ и развој

2.2 Одделение Пазари и одржување

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на добивање согласност од Совет на Општина Охрид.

**ЈП Градски Пазар Охрид**
**Управен одбор**
**Претседател**
**Ѓоре Карафилоски,с.р**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија, ЈП Градски Пазар Охрид, на седницата оддржана на ден 13.04.2016 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**Член 1**

Со изменување на член 9 од Статутот на ЈП Градски Пазар Охрид, седиштето на Јавното претпријатие кое се наоѓа на ул. Бул.Туристичка бб, го добива бројот 79.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**Управен Одбор на**
**ЈП Градски Пазар Охрид**
**Заменик Претседател**
**Наташа Трифуноска Рифат,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година.

**Број 09-6377/23**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката бр.02-267/2 од 05.11.2015 година за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Градски пазар Охрид бр.02-135/5 од 24.03.2016 година и усвоена од Надзорниот одбор со Заклучок бр.02-133/5 од 24.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-6377/23**
**27.04.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 20 од Статутот на ЈП Градски Пазар Охрид, Управниот Одбор на ден 24.03.2016 година на својата Трета седница донесе:

**ОДЛУКА**
**За измена и дополнување на Одлуката бр. 02-267/2 од 05.11.2015 година за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука Управниот Одбор на ЈП Градски Пазар Охрид ја изменува и дополнува Одлуката бр. 02-267/2 од 05.11.2015 година за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар Охрид.

**Член 2**

Постојаната Одлука се надополнува со следните цени и услуги

| Р.Б. | Вид на услуга | Ед. мерка | Ден (без ДДВ) |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на дрвена ограда со потребна конструкција за укрутување | м2 | 960 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Фарбање на даски на клупа 5/10/100 см | м | 50 |
| 3. | Кршење, вадење на бетонски површини (бехатон, парковски и коловозни рабници) со користење на хилта | h | 850 |
| 4. | Ѕидање на ѕидови од блок д-12см | м2 | 700 |
| 5. | Ѕидање на ѕидови од блок д-25см | м3 | 5500 |
| 6. | Шприцирање на фасада со гриз и варово млеко (без скеле) | $м^2$ | 150 |
| 7. | Набавка, поставување на дрвен под од даски со дрвена подконструкција | $м^2$ | 750 |
| 8. | Клупа дрвена (без наслон) | бр | 1440 |
| 9. | Клупа дрвена (со наслон) | бр | 2200 |
| 10. | Клупа метална (без наслон) | бр | 2200 |
| 11. | Клупа метална со наслон | бр | 3100 |
| 12. | Набавка, поставување на дрвен под од даски без дрвена подконструкција | $м^2$ | 520 |
| 13. | Набавка, поставување на дрвен под од талпи без дрвена подконструкција | $м^2$ | 850 |
| 14. | Набавка, поставување на дрвена ламперија на постоечка конструкција | м2 | 500 |
| 15. | Набавка поставување на пластична ламперија на постоечка констуркција | м2 | 430 |
| 16. | Малтерисување на ѕидови | м2 | 330 |
| 17. | Изработка на дрвена конструкција за поставување на ламперија | м2 | 200 |
| 18. | Собирање трева со машинско косење со изнесување трева | м2 | 3 |
| 19. | Чистење на лист со изнесување | м2 | 3 |
| 20. | Расчистување на терен од ниско стеблести растенија. | м2 | 120 |
| 21. | Надолжно и попречно обележување на коловоз | м2 | 280 |
| 22. | Набавка и монтажа на талпи, греди, штици - просушени, | м3 | 22000 |
| 23. | Демонтажа на прозори | бр | 800 |
| 24. | Демонтажа на врати | бр | 1200 |
| 25. | Рачен ископ на земја од прва-трета категорија со димензии 1,00х0,40х0,80 со затрупување | м3 | 770 |
| 26. | Гребулање на трева пред машинско косење | м2 | 0.80 |
| 27. | Собирање трева по машинско косење со изнесување трева | м2 | 3 |
| 28. | Кроење на жива ограда | м2 | 80 |
| 29. | Окопување на дрва и грмушки | бр. | 35 |
| 30. | Окопување и прашење цвеќе | м2 | 20 |
| 31. | Кроење-режење трендафили | бр. | 20 |
| 32. | Кроење-режење грмушки | бр. | 100 |
| 33. | Кроење дрва | час | 400 |
| 34. | Сечење дрва | час | 400 |
| 35. | Растурање на плодна земја | м3 | 30 |
| 36. | Чистење на игралишта (детски, спортски, забавни, повеќенаменски и сл.) со рачно метење | м2 | 50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 37. | Одржување на оградна мрежа - вадење, затегнување и повторно поставување | м2 | 450 |
| 38. | Обележување на траса | м | 18 |
| 39. | Сечење на асфалт | м | 180 |
| 40. | Рачен ископ на земја 3 категорија за каналски ров на длабочина до 2 м | $м^3$ | 580 |
| 41. | Рачен ископ на земја 3 категорија за каналски ров на длабочина од 2 - 4 м | $м^3$ | 837 |
| 42. | Рачен ископ на земја 5, 6 и 7 категорија за каналски ров на длабочина до 2 м | $м^3$ | 1440 |
| 43. | Рачен ископ на земја 5, 6 и 7 категорија за каналски ров на длабочина од 2 - 4 м | $м^3$ | 3060 |
| 44. | Рачно затрпување на ров со ископан материјал | $м^3$ | 234 |
| 45. | Подготвување на терен со благо порамнување на веќе поставениот тампон | $м^2$ | 50 |
| 46. | Набавка, транспорт и поплочување со бетонски плочки со вградување и набивање на слој од песок до д=10 см | $м^2$ | 1000 |
| 47. | Набавка, транспорт и поплочување со бекатон елементи со вградување и набивање на слој од песок до д=10 см | $м^2$ | 900 |
| 48. | Набавка, транспорт и вградување бехатон коцки врз припремена подлога со мал слој на ризла за порамнување | $м^2$ | 700 |
| 49. | Вадење на бехатон и бетонски плочки и поставување на истите со поравнување | $м^2$ | 350 |
| 50. | Поставување на бехатон елементи со вградување и набивање на слој од песок | $м^2$ | 300 |
| 51. | Набавка и вградување улични ивичњаци на бетонска подлога со димензии 18 x 24 | бр | 430 |
| 52. | Набавка и вградување парковски ивичњаци на бетонска подлога | м | 240 |
| 53. | Набавка и вградување парковски ивичњаци од бехатон елементи на бетонска подлога | м | 320 |
| 54. | Набавка, транспорт и поставување на ситна гранитна коцка врз припремена подлога со ситна песок со цементна заливка | $м^2$ | 1450 |
| 55. | Вадење и повторно поставување на камени ивичњаци L = 1.00 м | м | 350 |
| 56. | Планирање и валирање на постелица, тлото на ровот или трупот на патот | $м^2$ | 150 |
| 57. | Набавка, транспорт и вградување на тампон со планирање и набивање за тротоари и улици | $м^3$ | 1015 |
| 58. | Кршење, вадење на бетонски површини бекатон ( парковски и коловозни рабници ) со користење на компресор/хилта | $м^2$ | 850 |
| 59. | Крпење на ударни дупки и прекопи со претходно засечување, прскање со емулзија | $м^2$ | 1300 |
| 60. | Рушење на постојан асфалт до дебелина од 10 cm со утовар и транспорт до депонија | $м^2$ | 100 |
| 61. | Бетонирање на плоча, тротоари, патеки и подлога Д=10 | $м^2$ | 900 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | cm на претходно тампонирана подлога | | |
| 62. | Бетонирање на ѕидови (елементи) во еднострана оплата | $м^3$ | 6200 |
| 63. | Бетонирање на потпорни ѕидови со двострана оплата | $м^3$ | 7200 |
| 64. | Бетонирање на ѕидови (елементи) во четворострана оплата | $м^3$ | 8800 |
| 65. | Набавка и уградување на бетонски столбчиња (украси) | парч е | 230 |
| 66. | Демонтажа и монтажа на стари бетонски столбчиња (украси) | парч е | 150 |
| 67. | Нанесување на хумусен слој на планирано земјиште | $м^2$ | 90 |
| 68. | Набавка и изработка на тампон слој од точеник со набивање | $м^3$ | 1015 |
| 69. | Изработка на цемент подлога од 3-5 см | $м^2$ | 360 |
| 70. | Поставување на керамички плочки ѕидни и подни (само работна рака) | $м^2$ | 235 |
| 71. | Набавка и поставување на керамички плочки ѕидни и подни (просечен квалитет) | $м^2$ | 880 |
| 72. | Ѕидање на ѕидови од камен до д=50 см набавка и изработка | $м^3$ | 3800 |
| 73. | Ѕидање на ѕидови од камен над д=50 см набавка и изработка | $м^3$ | 5300 |
| 74. | Ѕидање на столбови од камен набавка и изработка | $м^3$ | 5900 |
| 75. | Рушење (прекопување) бетонски камени и асфалтни подлоги д=10 см | $м^2$ | 450 |
| 76. | Монтажа на гранитни плочки на полувлажен бетон | м2 | 550 |
| 77. | Обложување на површини со украсен камен | м2 | 734 |
| 78. | Набавка и изработка слој од ситна песок | м3 | 1850 |
| 79. | Набавка на камени и гранитни производи | | Цена по тендер |
| 80. | Армирање со мрежа (набавка, кроење, монтажа) Q188 | $м^2$ | 170 |
| 81. | Армирање со мрежа (набавка, кроење, монтажа) Q335 | $м^2$ | 350 |
| 82. | Поправка и одржување на двојна клацкалка со потрошен материјал | парч е | 2000 |
| 83. | Поправка и одржување на двојна клацкалка без потрошен материјал | парч е | 1000 |
| 84. | Поправка и одржување на детска играчка на анимација на животно - федер 110-130 мм, полно челично железо со ф мин.12мм | | 2000 |
| 85. | Поправка и одржување на нишалки со синџир со потрошен материјал | парч е | 1000 |
| 86. | Поправка и одржување на нишалки со синџир без потрошен материјал | парч е | 500 |
| 87. | Поправка и одржување на куќарка со потрошен материјал | парч е | 5500 |
| 88. | Поправка и одржување на куќарка – лизгалка без потрошен материјал | парч е | 1500 |
| 89. | Поправка и одржување на вртелешки со потрошен материјал | парч е | 3000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 90. | Поправка и одржување на вртелешки без потрошен материјал | парч е | 1000 |
| 91. | Чистење на автобуски постојки (од графити, налепници итн.) | м2 | 1000 |
| 92. | Чистење на сообраќајни знаци (од графити, налепници, итн.) | м2 | 1000 |
| 93. | Одржување на автобуски постојки (фарбање, замена на оштетени делови) со потрошен материјал | m2 | 4000 |
| 94. | Одржување на автобуски постојки без потрошен материјал | м2 | 2500 |
| 95. | Бришење на фарбани површини | $м^2$ | 150 |
| 96. | Надолжни и попречни ознаки на коловоз (бели) полни, испрекинати, пешачки стоп линии, поле за насочување, паркинг простор, школо | $м^2$ | 250 |
| 97. | Стрелки за насочување на сообраќајот (бели) | $м^2$ | 280 |
| 98. | Паркинг простор за инвалиди (сина) боја со знак за инвалиди (бела) боја | $м^2$ | 280 |
| 99. | Надолжно и попречно обележување на коловоз ( TAXI, велосипедски, BUS, и други) | $м^2$ | 280 |
| 100. | Обележување со црвена боја на коловозот | $м^2$ | 280 |
| 101. | Рушење на преградни ѕидови од блокови | $м^2$ | 240 |
| 102. | Рушење на носивни бетонски ѕидови | $м^2$ | 1998 |
| 103. | Рушење на преградни ѕидови од бетон | $м^2$ | 1590 |
| 104. | Рушење на малтер | $м^2$ | 160 |
| 105. | Набавка, транспорт и монтажа на бигована мрежа 1000 mm x 2000 mm со окца 50 mm x 50 mm со дебелина на жица 3.8 mm | $м^2$ | 1100 |
| 106. | Набавка, транспорт и монтажа на оградна мрежа | $м^2$ | 490 |
| 107. | Демонтажа на билборди | бр. | 1450 |
| 108. | Демонтажа на билборди со транспорт | бр. | 1950 |
| 109. | Изработка на линиска решетка од челични аголни профили и арматура со ширина од 30 cm и должина на кампада од 1 m | м' | 1500 |
| 110. | Набавка, транспорт, изработка и монтажа на челична конструкција | кгр. | 130 |
| 111. | Набавка, транспорт, обработка и монтажа на елементи од челичен шипкаст материјал | кгр. | 190 |
| 112. | Набавка, транспорт, обработка и монтажа на лим во челични конструкции | кгр. | 170 |
| 113. | Транспорт и монтажа на билборди | бр. | 3000 |

*За работна рака за неработни денови и празници се зголемува висината на надоместокот за 30%.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на добивање согласност од Советот на Општина Охрид.

**Управен Одбор на ЈП Градски Пазар Охрид**
**Заменик Претседател**
**Наташа Трифуноска Рифат,с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Топ Гроуп , му издаде Решение за измени во тек на градба Б2-големи трговски единици за кои е издадено одобрение за градба бр.09-3836/6 од 14.09.2009 година.

КП 8833/13 е со незапишани права , а согласно известувањето добиено од АКН- подрачно одделение Охрид оваа парцела се јавува како непосреден сосед на парцелата на која се однесува издаденото Одобрение за градба и Решението за измени во тек на градба.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Овластено лице во сектор за урбанизам**
**Татјана Стојческа,с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Теди Комерц Охрид , му издаде Одобрение за адаптација,реконструкција, надградба и доградба на Б5 Хотелски Комплекс- градба од Втора категорија во КО Коњско.

КП 2849/4 во П.Л. е со незапишани права , а согласно известувањето добиено од АКН- подрачно одделение Охрид оваа парцела се јавува како непосреден сосед на парцелата на која се однесува издаденото Одобрение за адаптација,реконструкција, надградба и доградба на Б5 Хотелски Комплекс- градба од Втора категорија во КО Коњско.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Овластено лице во сектор за урбанизам**
**Татјана Стојческа,с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Се известуваат:

1. **Драган Костевски** од Охрид ул.„Сирма Војвода“ бр. 45 сопственик на **КП.бр. 15087/1** во КО Охрид 3 и
2. **Сопственикот на КП.бр. 15547/8** во КО Охрид 3.

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште Одделение за спроведување на урбанистички планови издаде Одобрение за градење Уп.1 бр. 20-712 од 01.04.2016 година на име Кице Божиноски, Илче Божиноски и Љупчо Божиноски за надградба на поткровје на семејна куќа А1 на КП.бр. 15087/2 во КО Охрид 3.

Согласно чл. 62-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13 и 149/14), а во својство на непосредни соседи можете да извршите увид во проекната документација во рок од 15 дена од денот на објавување на известувањето во дневен весник.

**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**